**Group of Experts on Action against Violence against Women and Domestic Violence (GREVIO)**

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

---

# Извештај

# Поднесен од Северна Македонија согласно член 68, став 1 од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Основен извештај)

**Доставен до GREVIO на 5 април 2022 година**
**GREVIO/Inf(2022)5**

**Објавено на 6 април 2022 година**

**Содржина**

**I. Вовед**
**II. Интегрирана политика и собирање податоци**
**III. Превенција**
**IV. Заштита и поддршка**
**V. Материјално право**
**VI. Истрага, обвинителство и процесно право и заштитни мерки**
**VII. Миграција и азил**

**ПРИЛОГ**
**Табела 1: Почетна обука (образование или професионална обука)**
**Табела 2: Тековна обука**

# I. Вовед

Република Северна Македонија беше меѓу првите земји што ја потпишаа **Конвенцијата за спречување и борба против насилството над жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција)** за која, во декември 2017 година, Собранието на Република Северна Македонија го усвои Законот за ратификација. Инструментот за ратификација беше предаден на 23 март 2018 година, а Конвенцијата влезе во сила на први јули 2018 година.

Во насока на имплементацијата, Владата на Република Северна Македонија, на 9.10.2018 година, го усвои „Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството над жените и домашното насилство на Република Македонија 2018 – 2023" (https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/ap%202018/15.10NAP%20AP%20za%20IK%202018.doc).

Овој стратегиски документ ги дефинира активностите, клучните институции, индикаторите и временската рамка за преточување на одредбите на Конвенцијата во националното законодавство за периодот 2018 – 2023. Основната цел на постојниот план е да дизајнира, да спроведе и да координира сеопфатна национална политика за превенција и елиминирање на насилството врз жените.

Министерството за труд и социјална политика го подготви овој извештај во соработка со Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Министерството за информатичко општество и администрација, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Државниот завод за статистика, Државниот инспекторат за труд, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Академијата за судии и јавни обвинители, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Народниот правобранител.

Во подготовката на извештајот консултирани се членовите на Националното координативно тело за спречување и заштита од насилство над жените и од семејно насилство, во кое, покрај надлежните институции, вклучени се и три невладини организации: „Хера", мрежата „Глас против насилство" и здружението „Маргини".

## II. Интегрирана политика и собирање податоци

За општествениот контекст на Република Северна Македонија е карактеристично тоа што во последниве неколку години се одвива мобилизација и организирање за што поефикасно и попрофесионално да се одговори на појавата на насилство над жените и на семејното насилство. Основната рамка за борба со насилството над жените и семејното насилство ја претставуваат **Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и домашното насилство 2018 – 2023**[1] и Законот за заштита и спречување на насилство врз жени и семејно насилство.[2]

Исто така, во Стратегискиот план на МТСП[3], во рамките на Програмата за еднакви можности и антидискриминација и Програмата за социјална сигурност, како приоритетна цел се поставува заштитата на жртвите од сите форми на родовобазирано насилство.

Покрај тоа, родовобазираното насилство е вклучено во Стратегијата за родова еднаквост 2021 – 2026, а таа е во фаза на собраниска процедура и се чека нејзино усвојување.

По ратификувањето на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство, Министерството за труд и социјална политика пристапи кон подготовка на Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, преку кој се следи динамиката на усогласување на националното законодавство со одредбите на Конвенцијата, но и исполнување на преостанатите обврски во насока на превенција од родовобазирано насилство и обезбедување брза и ефикасна заштита на жртвите, како и гонење и казнување на сторителите.

Акцискиот план претставува сеопфатна мултиинституционална политика за борба против насилството над жените и оваа политика треба да се гледа како елемент на едно демократско и транспарентно владеење, засновано на владењето на правото.
Акцискиот план за спроведувањето на Конвенцијата е стратегиски документ на Владата на Република Северна Македонија, кој ги дефинира активностите, клучните институции, индикаторите и временската рамка за преточување на одредбите од Конвенцијата во националното законодавство, за периодот 2018 – 2023.

Акцискиот план е резултат од соработката на владините институции, граѓанските организации и меѓународната заедница, и подготвен е со заеднички придонес од сите засегнати страни.

Акцискиот план ги опфаќа и ги споменува сите форми на РБН: семејно насилство, демнење, сексуално насилство, детски брак, женско генитално осакатување, злосторства од чест и трговија со луѓе. Во вториот дел се повикува на општите и специјалните услуги за жртвите, експлицитно ги споменува услугите за жртвите на сексуално и семејно насилство. Во третиот дел, повикува

[1] Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство на Република Македонија 2018 – 2023 (достапно на: <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/ap%202018/15.10-NAP%20AP%20za%20IK%202018.doc>)

[2] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (достапно на: <https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf>)

[3] Стратегиски план на Министерството за труд и социјална политика 2021 – 2023 (достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/content/Strateski%20plan%20na%20MTSP%20za%202021-2023%20FINALEN%2014.01.2021.doc)

на акција за спречување на родовобазираното насилство, ги споменува „сите форми на родовобазирано насилство“ и ги препознава децата сведоци на родовобазирано насилство како жртви. Бидејќи овие политики се конкретно насочени кон родовобазираното насилство и насилството врз жени, пристапот е заснован на правата на жртвите, односно човековите права на жртвите се ставени во центарот на политиката.

**Во Акцискиот план**, покрај тоа што има широк спектар на форми на родовобазирано насилство, тој, исто така, ги зема предвид можните повеќекратни или интерсегментални аспекти на идентитетот на жртвите, и предлага мерки насочени кон ранливите категории на жени, како што се жените од етничките малцинства, бремените жени, жените со мали деца, жените со самохрани родители, жените со посебни потреби, жените од руралните подрачја, жените што користат дрога, сексуалните работнички, барателите на азил, мигрантките, жените без државјанство, бегалките, лезбијките, бисексуалките и трансродовите жени, жените што живеат со ХИВ, бездомничките итн.

За да се понуди ефективен холистички и сеопфатен одговор, **Акцискиот план** ги пропишува конкретните мерки и дејства што треба да се преземат, одговорната институција за спроведувањето на секоја конкретна мерка, индикаторите според кои се мери напредокот, временската рамка планирана за секоја конкретна акција, како и изворот на буџетирањето на секоја активност.

**Акцискиот план** има три основни цели:

- Усогласување на законската рамка со одредбите на Конвенцијата;
- Воспоставување општи и специјализирани сервиси за унапредување на заштитата на жртвите на родовобазираното насилство и на жртвите од семејно насилство;
- Спроведување активности за превенција од родовобазирано насилство и семејно насилство.

Врз основа на активностите кои произлегуваат од Првата стратегиска цел на **Акцискиот план** за спроведување на Конвенцијата во 2021 година, донесен е **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство**. Законот е целосно усогласен со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, и има цел проширување на системот на превенција и заштита на сите облици на родовобазирано и семејно насилство. Според Законот, во членот 3 опфатени се: физичкото насилство, психичкото насилство, демнењето, економското насилство, сексуалното насилство и силувањето, сексуалното вознемирување, сексуалното вознемирување по интернет, бракот под принуда, гениталното осакатување на жените, абортусот под присила и присилната стерилизација, како и принудната контрола врз жените.

Клучните новини што ги носи новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство се состојат, пред сѐ, во тоа што опфаќаат нови форми на насилство кои ги воведува Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, како и дефинициите за одредени поими кои досега не беа опфатени, како родовобазираното насилство (насилството насочено кон жената, затоа што станува збор за жена или кое несразмерно ја погодува и ги опфаќа причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите), демнење, генитално осакатување, сексуално насилство, односно неконсезуалните сексуални дејства итн., како и дефинирање на ранливите категории на жени, и тоа: бремените жени, жените со деца и со деца со попреченост, самохраните мајки, жените со попреченост, жените од руралните средини, жените што употребуваат дрога, сексуалните работнички, мигрантките, бегалките, барателките на азил, жените без државјанство, лезбијките, бисексуалките и трансродовите луѓе, жените што живеат со ХИВ, бездомничките, жените жртви на трговијата со луѓе, повозрасните жени, материјално необезбедените жени и други.

Значењето на одделни нови изрази што ги опфаќаат формите на насилство, употребени во овој закон, се дефинирани во член 3 од Законот:

1) „**Насилство врз жените**" е кршење на човековите права, дискриминација на жените и ги означува сите дејства на родовобазирано насилство што доведуваат или, веројатно, ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда, или до страдање на жените, вклучувајќи ги и директните и индиректните закани и заплашувањето за таквите дејства, изнудата, произволното ограничување и/или лишувањето од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или во приватниот живот;

2) „**Родовобазирано насилство врз жените**" е насилство насочено кон жената, затоа што станува збор за жена, или кое несразмерно ја погодува жената. Родовобазираното насилство над жените ги опфаќа причините и резултатот од нееднаквиот однос на моќта помеѓу жените и мажите како резултат на општествен, а не на индивидуален проблем. Родовобазираното насилство врз жените се однесува и на насилството врз жените дефинирано во точките 1) и 3) во овој член;

3) „**Семејно насилство**" е малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друг вид психичко, физичко или економско насилство, со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи ги и заканите за такви видови дејства кон брачниот другар, родителите или децата, или кон други лица што живеат во брачна или во вонбрачна заедница или во заедничко домаќинство, како и кон сегашниот или поранешниот брачен другар или кон вонбрачниот партнер, или кон лица што имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Новиот закон ги прецизира дејствата и мерките што треба да ги преземе државата за превенција и заштита, но и за реинтеграција на жртвите, преку обезбедување систем за поддршка, вклучително и за економско јакнење.

Она што треба да се постигне со овој закон е значително подобрување на институционалната и сеопфатната поддршка на жртвите на родовобазирано насилство.

Дополнително, една од клучните работи е тоа што со овој закон, во посебна одредба, се издвојува принципот на постапување со **должно внимание** за интересите и потребите на жртвата од страна на институциите при преземањето мерки за превенција и заштита од родовобазирано насилство. Наведеното е од особено значење бидејќи еден од најсериозните проблеми е непријавувањето на насилството од страна на жртвите, што е најчесто резултат од недовербата во институциите, односно од недоволната сензибилизираност на службените лица кои постапуваат во случаите на насилство.

Со овој закон, жртвата има право да поднесе тужба пред граѓански суд за утврдување на одговорност за непостапување по должно внимание на институциите и трошоците да не бидат на товар на жртвата.

Освен постапување со должно внимание, со Законот се воведуваат новитети како меѓусебна координација на институциите и организациите, забрана за виктимизација, собирање статистички податоци за родовобазирано насилство над жените и за семејно насилство, како и реинтеграција на жртвите.

Од клучно значење е тоа што Законот го вклучува и сексуалното вознемирување по интернет кое е дефинирано како несакано вербално, невербално или друго постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, преку електронските средства за комуникација.

Исто така, во согласност со новиот закон, медиумите при креирањето на содржините се обврзани да водат сметка за подигање на свеста кај општата јавност за сите форми на родовобазирано насилство над жените и на семејно насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги. На тој начин, и медиумите имаат голема улога во делот за превенција на овие појави, како и за елиминирањето на родовата нееднаквост и на родовите стереотипи.

За координација на политиката, во согласност со член 12 од наведениот закон, дадена е законска обврска сите надлежни институции меѓусебно да соработуваат со цел да се заштитат жртвите. За таа цел, предвидена е изработка на протокол за меѓусебна соработка.

**Министерството за труд и социјална политика** заради ефикасно спроведување и функционирање на Законот за спречување и заштита од насилството врз жени и семејно насилство усвои подзаконски акти, и тоа:

- Правилник за начинот на спроведувањето и начинот на следењето на изречените привремени мерки за заштита[4];
- Правилник за начинот на спроведувањето на процената на ризикот за сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и на членовите на нејзиното семејство и за ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жените жртви на родовобазирано насилство и на жртвите на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа и потребните обрасци[5].

Министерството за труд и социјална политика во 2019 година го донесе новиот Закон за социјална заштита[6], врз основа на кој се донесени и следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за Центар за привремен престој[7]. Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на услугите на советување и за простор, средства, кадри и потребна документација за советувалиште[8];
- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните работници, за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа[9];
- Правилник за поблиски услови за доделување средства, за образецот на бодовна скала, начинот на доделување средства на здруженија и на други приватни даватели на социјални услуги, за давање социјални услуги[10];
- Изготвен Нацрт-правилник за начинот на извршувањето на изречената привремена мерка за заштита – задолжително посетување на советувалиште за сторители на насилство над жени или на семејно насилство;
- Методологија за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга[11];
- Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вонсемејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2022 година;

[4] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 248/21.
[5] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 240/21.
[6] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 294/21.
[7] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 91/21.
[8] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 84/21.
[9] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 79/21.
[10] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 268/21.
[11] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 264/19.

– Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за дневен престој и за вонсемејна заштита, како и за стручна помош и поддршка, за привремен престој и за советување за 2021 година;
– Во тек е изработка на првата нацрт-верзија на Протоколот за меѓусебна соработка на институциите и организациите за постапување со жртвите на РБН.

**Министерството за правда**, во 2018 година, донесува Оперативен план за спроведување на активностите предвидени во Акцискиот план. Плановите содржат активности во надлежност на Министерството за правда, со временска рамка од една година и буџет за негова реализација.

Министерството за правда на РСМ изработи измени и дополнувања на Кривичниот законик, во кои се вградени стандардите на Истанбулската конвенција. Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик се наоѓа во собраниска постапка за донесување. Исто така, во собраниска постапка за донесување се наоѓа и Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство. Со овој предлог-закон, жртвите на родовобазирано насилство и на семејно насилство имаат право на надомест на штета.

**Министерството за образование**, во новиот Закон за основно образование[12] воведува нов проширен член за заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста, како и афирмативни мерки, со цел да се надмине дискриминацијата врз каква било основа (член 5 и член 6).

Во 2020 година, донесено е Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученикот – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (член 66, став 2), со кое директорот е надлежен да пријави каков било облик на насилство, злоупотреба и занемарување на ученик, до одговорните институции.

Од учебната 2021/2022 година се спроведува Пилот-програма за сеопфатно сексуално образование, која значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството. Во подготвителниот период за имплементација на пилот-проектот, изготвени се Наставна програма за Сеопфатно сексуално образование за 9-то одделение и Прирачник за наставници/Компендиум.

**Министерството за одбрана**, во периодот 2019 – 2021 година, ја инкорпорираше родовата перспектива во законската регулатива и во другата релевантна политика, како:

- Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, со внесување нови членови во нив (2020);
- Долгорочниот план за развој на одбраната (2019 – 2028);
- Стратегија за управување со човечките ресурси во одбраната (2019);
- Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ООН 1 325 „Жени, мир и безбедност“ (2020 – 2025);
- Оперативен план на Министерството за одбрана за имплементација на вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на ООН 1 325 „Жени, мир и безбедност“ (2020 – 2025) – стратегиска рамка.

Во Оперативниот план на Министерството за одбрана, во стратегиската цел 4 – Заштита, се предвидува одржлива и ефективна заштита на жените и на мажите во сите сфери на општествениот живот, поддржана од соодветни усвоени, имплементирани, законски и подзаконски акти, политики, структури, процеси, обука и образование. Во специфичната стратегиска цел се предвидува унапредување на системот на поддршка и заштита на жените, кои

[12] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 161/2019.

претрпеле каков било облик на загрозување на безбедноста во конфликтни и постконфликтни состојби, кризни и вонредни ситуации.

**Министерството за здравство** ги интегрираше бесплатните прегледи за жртвите на сексуално насилство во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата.

**Министерството за внатрешни работи**, во врска со стратегискиот пристап, во контекст на членот 7 од Конвенцијата, во периодот од 2019 до декември 2021 година, изработи оперативни планови за 2019 и 2020 година, за реализирање на активностите кои се предвидени во Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата. Тие се објавени на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи, во апликацијата „Родово копче“.

Во согласност со оперативните планови, предвидени се обуки за обучувачи за модулот за обука на професионалците за родовосензитивно обезбедување на услуги за жртвите, како и за спроведување континуирани обуки на полициските службеници.

Во извештајниот период, изработени се две родовобуџетски изјави, па во родовобуџетската изјава во 2021 година, акцентот е ставен на заштитата на жените од трудова и сексуална експлоатација, односно на превенирањето и раната идентификација на можните форми на трговија со луѓе.

Министерството за внатрешни работи, врз основа на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, во септември 2021 година, донесе:

− Правилник за начинот на извршување на изречената итна мерка за заштита и отстранување на сторителот од домот и за забрана за приближување до домот и привремени мерки за заштита;[13]

− Правилник за начинот на процена на ризикот од сериозна опасност за животот, физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот.[14]

Во согласност со Акцискиот план, надлежните институции, во рамките на своите хоризонтални буџети, предвидуваат финансиски средства за активностите и мерките што ги спроведуваат.

Во овој контекст, Министерството за труд и социјална политика нема посебна потпрограма за жени жртви на насилство и на семејно насилство, и средства се распоредени во повеќе буџетски потпрограми. Имено, во Програмата за остварување на социјалната заштита за 2022 година[15], која се носи секоја фискална година, во повеќе потпрограми се опфатени правата од социјалната заштита, финансирањето на постојните социјални услуги во кои се опфатени и специјализираните сервиси за жени жртви на насилство и на семејно насилство, како и сервисите за сторители на семејно насилство, како и за воспоставување на нови вакви сервиси. Исто така, Министерството за труд и социјална политика, за финансирање на Центар за жртви на трговија со луѓе, обезбеди средства од 24.272 евра (1.500.000 денари) во 2019 година, во 2020 и во 2021 година, обезбедени се 7.520 евра (465.984 денари) на годишно ниво, а за 2022 година, обезбедени се 20.485 евра (1.200.000 денари).

Дополнително, Министерството за труд и социјална политика финансира специјализирани услуги од здруженијата на граѓани кои работат на полето на семејното насилство, за 2019, 2020 и 2021 година, во износ од 64.725 евра (4.000.000,00 денари) на годишно

[13] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 210/21.
[14] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 210/21.
[15] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 293/21.

ниво, а во согласност со Законот за игрите на среќа и за забавните игри,[16] министерот за труд и социјална политика, секоја фискална година, донесува Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженијата за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија, од приходите од игрите на среќа и од забавните игри. Со Одлука за распоредување на приходите од игрите на среќа и од забавните игри, во 2022 година, за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и на нивната асоцијација, на здруженијата за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија, се распоредуваат 64.725 евра (4.000.000,00 денари), за здруженијата за борба против семејно насилство кои даваат специјализирани услуги за жртвите на семејно насилство, и тоа: СОС-линијата за жртви на семејно насилство, Кризниот центар 24/48 часа, Засолништето за жртви на семејно насилство и Советувалиштето за жртви на семејно насилство.

Во согласност со Законот за правда за децата, Министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција на детско престапништво, донесува годишна програма со која ги планира изворите и начинот на трошење на средствата за **обесштетување на дете** кое е жртва или е оштетено со дејство кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство. За оваа програма, за 2020 година и 2021 година, одвоени се 16.181 евро (1.000.000 денари) од буџетот на ова министерство.

Со буџетот на Министерството за правда, за 2020 и 2021 година, износот на одобрени средства/буџетот за бесплатна правна помош (БПП) за 2020 година изнесува 80.906 евра (5.000.000,00 денари). Реализираниот годишен буџет за бесплатна правна помош во 2020 година изнесува 25.909 евра (1.601.176,00 денари).

Од буџетот на Министерството за здравство, за финансирање на Програмата за активна здравствена заштита, обезбедени се средства во износ од 4.855 евра (300.000,00 денари) на годишно ниво, за 2019 и 2020 година, и во износ од 485 евра (30.000,00 денари) за 2021 година.

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија спроведе две обуки, во 2020 и во 2021 година, за кои обезбеди средства во износ од 1.700 евра, од кои 1.300 евра претставуваат сопствени средства, а 400 евра, средства од донатори.

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, односно Одделението за соработка со невладини организации, објавува годишен оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации, во различи приоритетни области и цели, меѓу кои, во согласност со Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2019 година[17], и за унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството.

Во согласност со Законот за социјална заштита, на здруженијата им е дадена можност да вршат дејност од социјалната заштита. Имено, здруженијата се јавуваат како даватели на социјални услуги, во согласност со издадената дозвола за вршење работи од областа на социјалната заштита, под услови и во постапка утврдени со овој закон.

---

[16] „Службен весник на РМ“, бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15,154/15, 23/16 и 178/16.
[17] „Службен весник на РМ“, бр. 5/19.

Исто така, со Законот за социјална заштита и Законот за спречување и заштита од насилството врз жените и семејното насилство, дадени им се надлежности на здруженијата во преземањето мерки за заштита на жените жртви на насилство и на семејно насилство, и тоа: обезбедување на привремено згрижување, обезбедување жртвата да добие потребна медицинска помош и, по потреба, да биде придружувана во најблиската здравствена установа, давање соодветна психосоцијална интервенција и третман, обезбедување жртвата да добие психосоцијален третман во советувалиштето од стручните лица во Центарот за социјална работа, здружението, советувалиштето за жени жртви на насилство и за други жртви на семејно насилство, давање правна помош и застапување и упатување на жртвата до соодветните државни и други органи, надлежни за економското јакнење на жртвата, како и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот преку надлежниот центар за вработување и пријавување, донесување решение за привремено доверување на грижата и воспитувањето на децата на родителот жртва.

Учеството на граѓанските организации во областа на превенцијата и заштитата од родовобазирано насилство се обезбедува врз основа на ЗСЗНЖСН (член 24). Во согласност со овој закон, во Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и за борба против насилството над жените и против семејното насилство има 3 члена од граѓанските организации.

Исто така, граѓанските организации се вклучени во процесите на јавната политика, преку вклученост во работни групи за изготвување предлог-закони, меѓу кои и во изработката на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и Законот за основно образование, Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија, во изработката на подзаконските акти кои произлегуваат од ЗСЗНЖСН итн.

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во согласност со Стратегијата на Владата за соработка со граѓанското општество и негов развој, со Акцискиот план 2018 – 2020 и Одлуката за формирање Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,[18] на 3.4.2018 година, формираше Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и за поттикнување на развојот на граѓанското општество.

Советот е составен од 31 член, назначени од Владата, од кои 15 членови од редот на вработените во органите на државната управа и 16 членови на предлог на организациите регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, преку јавен повик, за посебни области, меѓу кои: развој на граѓанскиот сектор, демократија и владеење на правото, промоција и заштита на човековите права и антидскриминација, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализирани лица, родова еднаквост и др.

За ефективна мултисекторска соработка на национално и локално ниво, во согласност со Законот за спречување и заштита од насилството врз жените и од семејното насилство, предвидено е донесување Протокол за меѓусебна соработка. Формирана е работна група за изготвување на овој документ, и првиот нацрт-документ ќе се изготви до април 2022 година.

Во согласност со член 15 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, во 2021 година, Владата на РСМ формираше Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство[19], со мандат од пет години. Со Националното координативно тело претседава министерот за труд и социјална политика, и административно-стручните работи ги врши Министерството за труд и социјална политика.

[18] „Службен весник на РСМ", бр. 98/16 и 164/17, и „Службен весник на РСМ", бр. 97/19 и 116/21.
[19] „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 129/21.

Националното координативно тело е составено од еден претставник од Генералниот секретаријат на Владата, три раководни службеници од Министерството за труд и социјална политика, член и заменик-член од Министерството за здравство, член и заменик-член од Министерството за правда, член и заменик-член од Министерството за образование и наука, член и заменик-член од Министерството за внатрешни работи, судии и јавни обвинители, претставник на единиците на локалната самоуправа и претставник на здруженија, синдикати и здруженија на работодавци, по еден претставник од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и од Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија, судија, јавен обвинител и претставник на единиците на локална самоуправа.

Националното координативно тело ги извршува следниве работи:

- ја подготвува и ја следи реализацијата на Стратегијата;
- ги подготвува и го следи извршувањето на националните акциски планови;
- го координира работењето на институциите во делот на превенцијата и заштитата од родовобазирано насилство врз жените и семејното насилство;
- го следи спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство и националната политика во областа на родовобазираното насилството над жените и семејното насилство;
- ја следи и ја анализира состојбата со родовобазираното насилство над жените и семејното насилство;
- ги следи планираните и потрошените финансиски средства;
- дава мислење и препораки за подобрување на политиката и за усвојувањето мерки и спроведувањето активности од областа на родовобазираното насилство над жените и семејното насилство;
- го следи спроведувањето на препораките на меѓународните и регионалните тела за родовобазирано насилство над жените и семејното насилство, и предлага активности и мерки за нивно спроведување;
- го промовира принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги;
- дава мислење за методологогијата за интегрирано прибирање податоци за родовобазираното насилство над жените и семејното насилство, од сите релевантни институции и организации, надлежни да го спроведуваат овој закон;
- дава мислење за програмите за почетна и континуирана едукација на стручните лица што обезбедуваат специјализирани услуги за жените жртви на родовобазирано насилство и за жртвите на семејно насилство, по барање на Министерството за труд и социјална политика;
- го координира и го следи собирањето податоци за родовобазираното насилство над жените и семејното насилство, според однапред утврдени индикатори и
- доставува годишен извештај за преземените активности и за постигнатиот напредок во состојбата со родовобазираното насилство над жените и семејното насилство, во согласност со Стратегијата, до Собранието на Република Северна Македонија, за разгледување.

Ова тело нема посебен буџет, туку буџетските средства ги планира секоја институција посебно, за активностите кои се во нејзина надлежност.

Министерството за труд и социјална политика води интерна статистика за семејното насилство, со податоци добиени од 30 центри за социјална работа, кои ја покриваат територијата на Република Северна Македонија, и тоа со следните белези: полова структура, етничка структура, возрасна структура, тип насилство, вид и број на привремени мерки, и вид социјална услуга.

Овие податоци не се објавуваат на национално ниво, но се достапни како податоци од јавен карактер, и се однесуваат само на жртвите на семејно насилство, во согласност со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, кој е надвор од сила од мај 2021 година.

Во Законот за превенција и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, предвидено е интегрирано собирање, како и заштита на податоците за родовобазираното насилство над жените и семејното насилство. Според член 28 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, сите органи на државната управа, судовите, јавното обвинителство, единиците на локална самоуправа и правните лица, кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, и здруженијата, се задолжени да прибираат статистички и административни податоци за состојбата со родовобазираното насилство над жените и семејното насилство, врз основа на пол, род, возраст, припадност на заедница, живеалиште и други податоци утврдени со овој или со друг закон, во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Оттука, Законот дефинира обврски на одговорните субјекти за собирање податоци:

- Министерство за труд и социјална политика

Во согласност со член 17, став 8, собира податоци за бројот на жени жртви на родовобазирано насилство и жртви на семејно насилство, во рамките на системот за социјална заштита, кои се поделени според пол, возраст, припадност на заедница, место на живеење, врската жртва – сторител, вид и број на услуги што се обезбедуваат за жртви и сторители, како и други податоци утврдени со закон од институциите во системот за социјална заштита и од други институции надлежни за спроведување на законот.

- Министерство за внатрешни работи

Во согласност со член 18, став 7, собира податоци за бројот на пријавени случаи, поврзани со родовобазирано насилство над жени и жртви на домашно насилство, поделени според пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, место на живеење, врска жртва – сторител, квалификација на кривичното дело и други податоци предвидени со закон.

- Министерство за здравство

Во согласност со член 19, став 8, собира податоци за ситуацијата со жените жртви на родовобазирано насилство и со жртвите на семејно насилство, кои побарале помош или интервенција преку здравствениот систем, поделени според пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, место на живеење, врска жртва – сторител, вид и број на услуги штом им биле дадени на жртвите, како и други податоци, во согласност со Законот за евиденции во областа на здравството, а вакви податоци прибира и за сторителите.

- Здруженијата, во согласност со член 24, став 3, спроведуваат истражување и анализа за состојбата со родовобазираното насилство над жените и семејното насилство; и во согласност со член 24, став 4, собираат податоци за бројот на жени жртви на родовобазирано насилство и жртви на семејно насилство за кои побарале помош и поддршка, поделени според пол, род, возраст, етничка припадност, попреченост, место на живеење, врска жртва – сторител, вид и број на услуги, штом им се укажале на жртвите и на сторителите, како и други податоци предвидени со закон.

- Синдикати

Во согласност со член 25, спроведува истражување и анализа за ситуацијата со родовобазираното насилство над жените и семејното насилство, известува за случаи со родовобазирано насилство над жени, соработува со здруженија, фондации и други организации во промоцијата и превенцијата од родовобазирано насилство над жените и од семејно насилство.

- Јавен обвинител

Во согласност со член 30, став 1, воведува и води специјални податоци за случаи на родовобазирано насилство над жени и за жртви на семејно насилство, според полот, родот, возраста, етничката припадност, попреченоста, местото на живеење и по други основи, како и податоци значајни за набљудувањето (мониторингот) на ситуацијата со родовобазираното насилство над жени и со семејното насилство, во согласност со законот.

Податоците треба да се собираат од надлежните институции, во согласност со подзаконските акти за начинот, формата, внесувањето и размената на податоците од различни институции, со што ќе се воспостави системот на прибирање податоци кај надлежните институции. Во текот на 2021 формирана е работна група и започната е постапката на подготовка на овие подзаконски акти за воспоставување на системот на прибирање на податоци на територијата на Република Северна Македонија.

Државниот завод за статистика, во согласност со член 31 од ЗСЗНЖ, започна со организирање на истражување во рамките на ИПА-националната програма, за ситуацијата со родовобазираното насилство над жените и семејното насилство, со кое ќе се добијат информации за состојбата на жените, нивниот социјален и општествен живот во борбата со насилството и за заштитата како жртви на тоа насилство во општеството. Истражувањето ги опфаќа жените на возраст од 18 до 74 години, и ќе се спроведува во периодот од јануари до март 2022.

Во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2012 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изготвува годишни анализи за третманот што го добиваат родовите прашања во дневно-информативните емисии и за начинот на кој жените и мажите се претставени во програмите на националните телевизиски сервиси.

# III. Превенција

Во текот на 2020 година, Министерството за труд и социјална политика реализира кампања за пријавување на семејно насилство во вонредна состојба предизвикана од пандемијата од ковид-19, и таа, во соработка со Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија, беше дистрибуирана преку социјалните медиуми и јавниот ТВ-сервис. Во рамките на оваа кампања:

- Во соработка со ОБСЕ, Министерството и Секторот подготвија и дистрибуираа флаери на видни места (маркети, аптеки, институции и др.), во кои беа содржани основните информации за пријава на семејно насилство, односно упатство каде жртвата да се обрати за помош;
- Изготвија и диструбуираа 300.000 флаери и постери, со основните информации за тоа каде жртвите може да пријават насилство и да се информираат за достапноста на

специјализираните услуги за жртвите на семејно и родовобазирано насилство, со поддршка од Канцеларијата на УНФПА;
- Креирана е првата мобилна апликација за помош и за поддршка на жртвите на насилство, „Биди безбедна", достапна на македонски, албански и на ромски јазик, во соработка со УНДП;
- Доделена е поддршка во вид на прехранбени и хигиенски пакети за сите регистрирани жени жртви на семејно насилство (беа дистрибуирани 359 пакети со храна и 359 хигиенски пакети), во соработка со партнерските организации;
- Доставија допис со известување до сите општини на територијата на Република Северна Македонија, за начинот и за потребата од итност во постапувањето и достапноста на сервисите за жртвите на семејно насилство.

Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи координирано постапуваа во случај на семејно насилство и за време на полицискиот час и со другите надлежни институции кои постапуваат доколку станува збор за случај на семејно насилство. Стручните лица од центрите за социјална работа имаат дозвола за непречено движење и за време на полициски час, со цел жртвите да ги добијат потребните заштита и поддршка.

**Министерството за внатрешни работи** достави телеграма до сите полициски станици во врска со постапувањето на полициските службеници во случај на пријава и постапување на жртвите на семејно насилство. Во периодот на траењето на полицискиот час, жртвите на семејно насилство беа изземени од Одлуката за забрана на движењето.

Министерството за внатрешни работи изготви:
- Прирачник за полициски службеници – Обезбедување родовосензитивни услуги за поддршка на лицата кои претрпеле семејно насилство (со поддршка на УН Жени);
- Потсетник за постапување на полициските службеници во случај на родовобазирано насилство и семејно насилство (со поддршка на Мисијата на ОБСЕ).

И двата документа ќе бидат дел од обуките на полициските службеници, со цел тие стручно да се оспособат за постапување по пријава, како и за сензитивизација во однос на прашањето за родовобазираното насилство и семејното насилство.

Изработен е Алгоритам за постапување на полициските службеници по примена пријава за родовобазирано насилство и семејно насилство.

Во Наставната програма за основна обука на кандидатите за полицајци континуирано се инкорпорираат теми кои имаат цел да се зголеми стручноста во постапувањето од родовосензитивен аспект. Покрај другите теми, задолжително се спроведуваат наставни програми за криминал од омраза, човекови права и антидискриминација и обезбедување родовосензитивни услуги за поддршка на лицата кои претрпеле семејно насилство.

Поради пандемијата од ковид-19, намален е бројот на спроведени обуки за полициските службеници. Имено, во 2020 година, обучени се вкупно 335 полициски службеници (46 жени и 289 мажи), додека во 2019 година, обучени се 967 полициски службеници (118 жени и 849 мажи). Во текот на 2020 година, во областа родови прашања, родовосензитивни услуги и недискриминација, се обучиле вкупно 92 работници (29 жени, 63 мажи), додека, споредбено, во 2019 година, се обучиле вкупно 1.362 работници во Бирото за јавна безбедност (212 жени и 1.150 мажи).

**Министерството за образование и наука** ја имплементира новата Концепција за основно образование, за учениците од прво и четврто одделение, во учебната 2021/2022 година. Наставниците од прво и четврто одделение добија соодветна обука за примена на новата

Концепција во текот на летото (поделена во три модули). Изработени се нови материјали за учење за прво и четврто одделение, во согласност со новите наставни програми, а учениците преку активности и игри учат да ги разберат аспектите на родовата еднаквост, интеркултурализмот, инклузијата, заштитата на животната средина, почитувањето, правата и слично. Истовремено, овие наставни материјали овозможуваат поинаков пристап во наставата, им овозможуваат на учениците учење со разбирање што помага во развојот на критичкото размислување и на креативноста, и ги зголемува компетенциите на знаењата, способностите, вештините и ставовите.

Во согласност со новиот Закон за основно образование, вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да им се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство. Во рамките на Годишната програма за работа, потребно е основните училишта да планираат и промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, за спречување на дискриминацијата. Во делот за правата и обврските на учениците, односно заштитата на интегритетот на учениците, наведено е дека секој вработен во училиштето е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинство, како и Конвенцијата за правата на детето.

Исто така, наставниците од основните училишта се обучуваат од Бирото за развој на образованието во врска со Сеопфатното сексуално образование. За да можат наставниците (вкупно 14) да го предаваат предметот, односно Наставната програма од 36 училишни часа, спроведени се обуки за стекнување знаења и вештини за сите теми поврзани со сеопфатно сексуално образование, во согласност со последните препораки на УНЕСКО за возраста од 12 до 15 години, односно за родот и полот, сексуалното и репродуктивното здравје и за ХИВ, сексуалноста, насилството, граѓанските аспекти и дискриминацијата, за телото и сликата за телото, и за врските и односите.

**Министерството за одбрана** воспостави систем за известување, следење и евидентирање на сите форми на насилство и вознемирување при работно ангажирање со следните акти:

- Упатство за начинот на организирање и спроведување на родовите обуки за вработените во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија, донесено во 2020 година;
- Регионален прирачник за спречување на родовобазирана дискриминација, сексуално насилство и вознемирување во министерствата за одбрана и во армиите на вооружените сили во земјите на Западен Балкан (во рамките на регионалниот проект со UNDP/SEESAC), изработен во 2021 година;
- Упатство за заштита од вознемирување на работно место во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија, донесено во 2019 година;
- Водич за заштита од вознемирување на работно место, изработен во 2019 година;
- Спроведено анкетно истражување во насока на обезбедување поддршка на Упатството за заштита од вознемирување на работно место во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија.

Во **Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија** беше промовиран „Водич за заштита од вознемирување на работното место“, пред вработените во касарните и гарнизоните на територијата на целата држава. Овој водич содржи јасни пораки за нулта-толеранција на вознемирувањето, како и за охрабрување на пријавувањето за вознемирување на работното место.

Процедурите за заштита на лицата кои пријавуваат вознемирување се транспарентни и достапни на официјалната страница на Министерството за одбрана. Имено, на веб-страницата на Министерството за одбрана е отворен потпрозорец со наслов „Стоп вознемирување“, каде

што вработените можат подетално да се информираат за начинот, мерките и постапките за превенција и заштита од вознемирување, како и за обврските и постапките на сите категории на вработени во Министерството и во Армијата.

Во 2019 година, Министерството за одбрана промовираше видеозапис под наслов „Жените и мажите во Армијата се еднакви“, преку кој се упатува порака дека во Министерството и во Армијата мажите и жените се еднакви (достапно е на веб-страницата на Министерството за одбрана).

На Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, во насока на дополнување на наставните содржини од родова перспектива, во предметите Воена психологија, Социологија, Воена историја и човекови права, низ тематските содржини на наставниот план и на програмата се користат информации од оваа област, со цел да се подигне свеста за родовите аспекти на воената професија кај питомците – идни офицери и за нивната улога во промовирањето на тие вредности и нивното спроведување во практика.

Во Министерството за одбрана, во континуитет се спроведуваат обуки за мобинг и за спречување конфликт на работното место, за заштита од сите форми на вознемирување. Воедно, во содржините на родовите обуки се содржани и теми за заштита од дискриминација.

Во 2019, 2020 и 2021 година, Министерството за одбрана спроведе голем број обуки во кои беа обучени вкупно 36 назначени родови претставници, персонал во Министерството за одбрана и во Армијата. Министерството и Армијата располагаат со вкупно 21 сертифициран родов обучувач.

Во Министерството и во Армијата, во периодот 2019 – 2021 година, се спроведуваат родови обуки како дел од предупатните обуки. Овие обуки се задолжителни за персоналот што се упатува на мировни мисии и операции. Во мај 2021 година, со учесниците на вежбата „КФОР 29“ беше спроведена обука за родовата перспектива.

**Академијата за судии и јавни обвинители** редовно презема соодветни чекори за реализирање обуки и за воведување на наставен материјал за прашања како еднаквост меѓу жените и мажите, нестереотипни родови улоги, заемна почит, ненасилно решавање конфликти во меѓучовечките односи, родовозасновано насилство над жените и право на личен интегритет.

Академијата за судии и јавни обвинители реализира активности во почетната и континуираната обука во однос на превенцијата на насилството над жените, заштитата на жртвите на насилство, како и во однос на казнувањето на сторителите на насилството.

Во согласност со Програмата за теоретска настава се изучуваат 3 модули во кои се изучуваат повеќе предмети во чии рамки се опфатени горенаведените теми:

- во Модул 1 се изучуваат Граѓанско, Уставно, Управно право, како и Информатички технологии и правно истражување;
- во Модул 2 се изучуваат Кривично право, Криминалистика, Судска медицина, Судска психијатрија и Лингвистика на правото;
- во Модул 3 се изучуваат Меѓународно право, Право на ЕУ, Етика, Деловна култура и деонтологија и Судска психологија.

Теоретската настава трае 9 месеци и, во согласност со Програмата, предвидени се вкупно 1.035 часа. Почетната обука ја следат слушатели на почетна обука кои, по нејзиното успешно завршување, се избираат за судии, односно за јавни обвинители.

**Министерството за труд и социјална политика,** во рамките на проектот на Матра: „Имплементација на Национален акциски план за Истанбулска конвенција“, финансиран од холандската амбасада, во 2020 и 2021 година, ги спроведе следните активности за градење на капацитетите:

- Изработи модул за специјализирани услуги за жени и деца, за сторители на насилство и за подигање на свеста кај професионалците;
- Реализира три (3) *обуки за обучувачи* за Програма за родовобазирано насилство, за специјализирани услуги за три модули;
- Реализира три (3) *обуки за даватели на специјализирани услуги за жртви на родовобазирано и семејно насилство*, наменети за центрите за социјална работа, Заводот за социјални дејности и за претставниците на граѓанските организации кои се даватели на специјализирани услуги за жртвите на родовобазирано и семејно насилство.

Во согласност со Оперативниот план на ААВМУ за реализирање на АП за ИК за 2020 година беше спроведена обука наменета за вработените во стручната служба на ААВМУ и за претставниците на саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ).

Имено, вработените во Агенцијата и претставниците на СЕММ, во 2020 година, учествуваа на онлајн-работилницата за регулаторното тело за медиуми и саморегулаторното тело за етика во медиумите, за регулација, саморегулација и за контрола (мониторинг) на примената на стандардите за известување во случаите на родовобазирано насилство во медиумите, во рамките на проектот ЈУФРЕКС: „Слобода на изразување и слобода на медиумите во РС Македонија“, што заеднички го спроведуваат Европската Унија и Советот на Европа.

Во 2021 година, претставници од Секторот за програмски работи од Одделението за човекови права и медиумска писменост посетуваа обука во врска со родовобазираното насилство, наменета за медиумски професионалци, која беше организирана од ХОПС – „Опции за здрав живот“ – Скопје, „Маргини“ и Националната мрежа за борба против насилство над жените и семејно насилство, во рамките на проектот: „Со различен диксурс до подобра реалност, медиумите во борбата против родовобазираното насилство – зајакнување на медиумската писменост за РБН“. Проектот беше дел од Регионалната програма на УН Жени за елиминација на насилството врз жените, поддржан од ЕУ и од Канцеларијата на УН Жени во Скопје.

Во Република Северна Македонија е воспоставена Програма за психосоцијален третман на сторителите на семејно насилство.

За соодветно да се реагира и да се дејствува на полето на спречувањето и борбата со насилството, во рамките на позитивната законска регулатива, пропишани се група (сет) мерки за заштита на жртвите, кои центрите за социјална работа се должни да ги преземат, меѓу кои и мерката, сторителот задолжително да посетува советувалиште – изречена привремена мерка за заштита од надлежниот суд, изречена обврска при заштитен надзор за условна осуда – посетување Програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство, како и упатени од соодветниот центар за социјална работа.

Министерството за труд и социјална политика воспостави осум (8) советувалишта за психосоцијален третман на сторители на семејно насилство во седум региони на територијата на Република Северна Македонија, и тоа: Полошкиот, Југозападниот, Источниот, Североисточниот, Вардарскиот, Пелагонискиот и Скопскиот Регион. Овие советувалишта се организациски единици на соодветниот центар за социјална работа, иако просторно се лоцирани надвор од него. Стручните лица од советувалиштето што го спроведува психосоцијалниот третман за извршување на изречената привремена мерка за заштита, задолжително посетување советувалиште за сторителите на насилство над жените или за семејно насилство, најмалку еднаш месечно го известува надлежниот центар, кој ја следи изречената привремена мерка за заштита, за текот на психосоцијалниот третман, а по завршувањето на третманот, се доставува извештај за ефектот од третманот и за промената во однесувањето на сторителот. Доколку сторителот не се јави или го прекине психосоцијалниот третман, давателот на услугата, веднаш, а најдоцна три дена од денот на добивањето на сознанието, го известува центарот и се доставува

извештај за причините за прекинувањето на третманот. Центарот, по добиено известување за непочитување или за прекршување на изречената привремена мерка за заштита, веднаш, а најдоцна три дена од добиеното известување, го известува надлежниот суд.

Министерството за правда, во рамките на проектот „Јакнење на заштитата на правата на осудените лица“, кој го реализираа Управата за извршување на санкциите и Советот на Европа, со поддршка на тројца меѓународни консултанти, изработи три специфични модули/програми, и тоа: за осудени лица за сексуални престапници, за осудени на долги казни и доживотен затвор, како и Програма за постапување со жени. Овие програми се изработени за постапување со осудени лица кои се на издржување казна затвор. Програмата за постапување со осудени лица како сексуални престапници е пилотирана во КПД „Идризово“, во 2017 година.

Во рамките на Програмата за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите на затворскиот персонал, која е донесена во 2021 година, се спроведуваат посебни обуки за запознавање на затворскиот персонал со видот, содржината и со постапката за примена на специфичните програми за третман на осудените лица.

Од аспект на пробацијата, нема посебни програми за сексуални престапници кои се применуваат во пробациската служба.

Пробациската служба е нова и, во моментот, улогата на пробациските службеници е во согласност со индивидуалната програма за третман на лицата под пробација да спроведуваат надзор и да го координираат процесот на третманот во согласност со потребите на лицето, со користење на услугите и капацитетите на други институции кои веќе спроведуваат таков вид програми (здравствени установи, центри за социјални работи, невладини организации и слично).

Во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, што претставува петгодишен проект за периодот 2021 – 2025 година, во четвртата компонента на овој проект „Зајакната заштита на основните права и засилена употреба на алтернативните мерки“, се опфатени клучните активности за понатамошен развој на пробациската служба, во согласност со Стратегијата за развој на пробациската служба во РСМ за периодот од 2021 до 2025 година.

**Министерството за информатичко општество и администрација** предложи измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“, бр. 27/19), кои се однесуваат на усогласоувањето на одредбите од Истанбулската конвенција, како и измени на членот 48 од Законот, во насока на усогласување со Законот за спречување и заштита од дискриминација, и измена на прекршочните одредби за случаите на утврдена повреда на забраната за говор на омраза и дискриминација.

Понатаму, во членот 50 од истиот закон, утврдена е заштитата на малолетните лица: „Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или на моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство“. Додека со членот 61 е уредено следното: „Радиодифузерите, при вршење на дејноста, треба да ги почитуваат начелата, меѓу кои се: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста; еднаквост на слободата и на правата, независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот; поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло; заштита на идентитетот на жртвите на насилство и др.“.

Агенцијата изработи „Водич на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родовозасновано насилство во медиумите“ (достапно на веб-страницата на ААВМУ на: <https://bit.ly/3DWmJ79>). Освен наведеното, во рамките на проектот „Со различен диксурс до подобра реалност, медиумите во борбата против родовобазираното насилство – зајакнување на медиумската писменост за РБН“, освен што беа спроведени обуки, беше изработен и „Прирачник за

родовосензитивно известување во медиумите“ (достапно на: <https://hops.org.mk/wp-content/uploads/2021/07/ZA-WEB-A4-MKD.pdf>).

Во **Државниот инспекторат за труд,** сите вработени се известени и запознаени со Законот за заштита од вознемирување на работното место, запознаени се со постапката, мерките и активностите кои претставуваат психичко и полово вознемирување на работното место. Исто така, изготвена е листа на 10 посредници, и како посредници се избрани инспектори и инспекторки од повеќе подрачни одделенија, административни службеници од Секторот за човечки ресурси, но и од другите сектори.

Вака составената долга листа на посредници овозможува непристрасност во постапките помеѓу лицата кои вршат вознемирување и вознемирените лица – жртви, независност и несубјективност на таков начин што им помагаат на страните во решавањето на нивниот спорен однос, односно во постигнувањето спогодба во постапката за заштита од вознемирување на работното место. Исто така, инспекторите, при вршењето на инспекциските надзори, кога е поднесена претставка за вознемирување на работното место, постапуваат по одредбите од Законот за заштита од вознемирување на работното место и Законот за работни односи.

Министерството за труд и социјална политика формираше работна група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за спречување и заштита од вознемирување на работно место. Во работната група се вклучени сите релевантни институции, како и граѓанскиот сектор. Измените во Законот се прават во насока на ЕУ-регулативата и на директивите релевантни во оваа област. Измените и дополнувањата на Законот за спречување и заштита од вознемирување на работното место го опфаќаат и сексуалното вознемирување на работното место.

Во согласност со Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија, во Министерството за одбрана се назначени овластено лице и заменик-овластено лице за заштита од вознемирување.

Исто така, определени се 36 (триесет и шест) родови претставници за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија. Овие родови претставници имаат задача:

– да даваат мислења и совети на раководниот и на командниот кадар за воспоставените механизми за заштита од вознемирување на работното место и
– при пријавување на вознемирување на работното место, да даваат совет и помош.

# IV. Заштита и поддршка

Во Законот за спречување и заштита од насилството врз жени и семејно насилство, утврдени се надлежните институции кои постапуваат со жените жртви на насилство и семејно насилство, и тоа: полициските службеници, стручните лица од центарот за социјална работа и здравствената установа и здравствените работници. Центарот за социјална работа ја започнува постапката по добиено сознание дека е сторено родовобазирано насилство врз жена или семејно насилство, по службена должност, по барање на жртвата, по пријава од граѓанин, службено лице, институција и здружение. Во случаи кога како жртва се јавува дете или лице кое не е во состојба да се грижи за себе, или лице со ограничена или одземена деловна способност, презема мерки за заштита, без оглед дали постои согласност на родителот или на старателот. Мерките за заштита на жртвите што ги презема центарот се следни: обезбедува привремено згрижување; обезбедува жртвата да добие потребна медицинска помош и по потреба ја придружува во најблиската здравствена установа; обезбедува жртвата да оствари право од социјална и здравствена заштита во согласност со закон; дава соодветна психосоцијална интервенција и третман; обезбедува жртвата да добие психосоцијален третман во советувалиштето од стручните лица во центарот за социјална работа, здружението, советувалиштето за жени жртви на насилство и други жртви на семејно насилство; обезбедува помош за семејството за редовно школување на дете; дава правна помош и застапување; ја упатува жртвата до соодветните државни и други органи надлежни за економското јакнење на жртвата и за нејзино активно вклучување на пазарот на трудот, преку

надлежен центар за вработување и, доколку станува збор за висок степен на ризик, и преземање итни мерки за заштита, како и кога жртвата користи услуги на привремен престој, а најдоцна во рок од 12 часа од приемот на пријавата, донесува решение за привремено доверување на грижата и воспитувањето на децата на родителот жртва.

На веб-страницата на Министерството за внатрешни работи е објавена апликацијата „Биди безбедна“, изработена од мултисекторската работна група. Основна цел на апликацијата е зајакнување на системот за заштита и поддршка на сите жртви на родовобазирано насилство, како и овозможување брзо да се пријави родовобазирано насилство и барање помош на жртвата во услови на ковид-19. Апликацијата содржи важни контакти на сите значајни институции и организации, кои работат на прашањата за насилство над жените, вклучувајќи го и семејното насилство, поука за правата на жртвата, како и информации/совети што треба да направат жртвите во случаи на насилство.

Министерството за внатрешни работи, со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ, изработи и флаери наменети за жртвите на родовобазирано насилство и семејно насилство, кои содржат кратки информативни пораки за жртвите, како и телефонски броеви од релевантни сервиси кои нудат помош и поддршка за жртвите. Флаерите се дистрибуирани на отсеците за превенција и до специјализираните инспектори за работа од областа на семејното насилство.

Во Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[20] и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство[21] е содржана законска одредба за преземање мерки за заштита на жртвите, во која меѓу повеќе видови предвидени мерки за заштита на жтвите кои треба да ги презема центарот за социјална работа, се наведува и дека жртвата треба да ја упатува до соодветните државни и други органи надлежни за економското јакнење на жртвата и за нејзино активно вклучување на пазарот на трудот, преку надлежниот центар за вработување. Во согласност со оваа законска одредба, центарот за социјална работа доставува писмено известување до центарот за вработување за лицето за кое констатира дека е жртва на семејно насилство, заради нејзино економско јакнење. Врз основа на добиеното известување, центарот за вработување ја повикува жртвата, ја информира за услугите кои ги дава како помош во процесот на барањето работа, како на пример, спроведува активности за профилирање и изработка на Индивидуален план за вработување, за учество во обука или активна програма/мерка за вработување, дава информации за слободни работни места и друг вид помош при вработување, во согласност со нејзините потреби и можности нив да ги искористи.

Табела 1: Податоци за бројот на жртви на семејно насилство вклучени во Програмата за економско јакнење

| Година | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Број на повикани жени жртви на семејно насилство, од Центарот за вработување, за понатамошна работа, по добиено известување од Центарот за социјална работа | 78 | 58 | 94 |
| Број на жени жртви на семејно насилство, вклучени во активни програми и мерки за вработување, обуки, услуги како посредување при вработување, профилирање, изготвување Индивидуален план за вработување, кому им била овозможена достапност до информации за слободни работни места заради вработување и др. | 42 | 23 | 34 |

Во согласност со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во 2019, 2020 и 2021 година:

[20] „Службен весник на РМ“, број 138/14, 33/15 и 150/15.
[21] „Службен весник на РСМ“, број 24/21.

- Во мерката „Поддршка за самовработување (претприемаштво)“, на жените жртви на семејно насилство им се обезбедува поволноста да добијат советодавна/менторска поддршка во период од 12 месеци од основањето на бизнисот како припаднички на целната група жени од ранливи категории.
- Во мерката „Субвенционирање на плати“, која има цел да овозможи поддршка за вработување на невработени лица што потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, една од целните групи кон кои е таа насочена се жртвите на семејно насилство.

Исто така, треба да се напомене дека невработените лица, жените жртви на семејно насилство, имаат право да учествуваат во сите други активни програми и мерки за вработување, како и во услугите за вработување.

Табела 2: Податоци од Министерството за труд и социјална политика, добиени од центрите за социјална работа

| Вид помош за жртви на семејно насилство | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Психосоцијална помош и поддршка | 919 | 1.554 | 1.531 | 1.068 |
| Правна помош | 793 | 1.091 | 1.087 | 1.352 |
| Права од социјална заштита | 21 | 36 | 72 | 81 |
| Број на известувања до АВРМ, за вклучување во активните мерки | 135 | 283 | 310 | 196 |
| Предлог-привремени мерки на заштита доставени до судот од ЦСР | 545 | 1.007 | 1.042 | 1.223 |
| Сместени жени жртви и нивните деца, во засолниште | 56 | 102 | 114 | 58 |

Табела 3: Податоци од Министерството за труд и социјална политика за сместени жени жртви на семејно насилство и нивните деца во засолниште

| Сместени во засолниште | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| жени | 27 | 38 | 74 | |
| деца | 29 | 74 | 63 | |
| Вкупно | 56 | 102 | 114 | |

Табела 4: Број на пациентки кои се третирани во центри за жртви од силување

| Центар за жртви од силување при | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| ЈЗУ УГАК Скопје | 3 | 5 | 7 | 8 |
| ОБ Куманово | / | 3 | 2 | / |
| КБ Тетово | | 1 | 8 | / |

Во согласност со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, жртвите имаат право на судска заштита, во граѓанска постапка и кривична постапка, пред месно и стварнонадлежните судови. Жртвите имаат право на посебни мерки на процесна заштита, во согласност со Законот за кривична постапка и Законот за правда за децата.

Жртвата има право да поднесе тужба за утврдување одговорност за непостапување со должно внимание пред граѓански суд заради утврдување одговорност за непостапување со должно внимание на надлежните институции. Во тужбата може да се истакне барање да се

утврди одговорност на тужениот за непостапување со должно внимание утврдено со овој закон; да се досуди надоместок на штета за жртвата поради непостапување со должно внимание од страна на тужениот и да се задолжи тужениот да преземе дејства за заштита на жртвата, во согласност со одредбите и роковите утврдени со овој закон. Во постапката соодветно се применуваат одредбите од Законот за парнична постапка.

Во сите граѓански постапки за заштита на жените жртви на родовобазирано насилство и семејно насилство, месно е надлежен, покрај судот со општа месна надлежност, и судот на чиешто подрачје се наоѓа живеалиштето, пријавеното престојувалиште на тужителот или седиштето на центарот за сместување каде што е сместена жртвата. Тужителот кој тврди дека во согласност со одредбите од овој закон е повреден принципот на должно внимание е должен да ги изнесе фактите што го прават тврдењето веројатно, и тогаш товарот на докажување преминува на тужениот да докаже дека постапувал со должно внимание. Во постапките кои се однесуваат на заштитата на жртвите, судот не може да упати на задолжително спогодбено решавање на спорот.

Во однос на специјализираните услуги и поддршка за сите жени жртви и нивните деца, од стрна на здраствениот сектор се обезбедуваат здравствени услуги, интерсекторска координација, информирање и упатување, психосоцијална поддршка, гинеколошки преглед, евалуација н несакана бременост, итна контрацепција, евалуација и терапија на СПИ сексуално преносливи инфекции, судско-медицински преглед, абортус, советување за контрацепција, ковид-тест.

Министерството за труд и социјална политика, на територијата на Република Северна Македонија воспостави специјализирани сервиси за жени жртви на родовобазирано насилство и семејно насилство, во седум (7) плански региони на територијата на РСМ, и тоа:

- 13 центри за жени жртви (и нивните деца) на семејно насилство, од кои осум (8) се организациона единица на месноналежниот центар за социјална работа, два (2) се финансирани од Министерството, а менаџирани од здруженија, и еден (1) е финансиран од локалната самоуправа, а менаџиран од здружение;
- десет (10) специјализирани советувалишта за жени жртви на насилство и семејно насилство;
- осум (8) специјализирани советувалишта за психосоцијален третман за сторители на семејно насилство.

Специјализираните сервиси – центрите за жени жртви на семејно насилство, се достапни 24/7, додека советувалиштата функционираат со закажување на средби.

За соодветно функционирање на овие сервиси, Министерството за труд и социјална политика изработи:

- Стандард и процедури за работа на центрите за социјална работа за жени жртви на родовобазирано насилство и семејно насилство (октомври 2021 год.);
- Стандард и процедури за работа на лиценцирани даватели на специјализираната услуга за советување – специјализирани услуги за жени жртви на родовобазирано насилство и жртви на семејно насилство (октомври 2021 год.);
- Стандард и процедури за работа на даватели на услуга за привремен престој (Центар за жртви на семејно насилство, Центар за жртви на родовобазирано насилство и Центар за жени жртви на сексуално насилство и силување (октомври 2021 год.);
- Стандард и процедури за работа на услугата советување – социјален третман на сторителите на семејно насилство (октомври 2021 год.);

- Стандард и процедури за работа на лиценцирани даватели на специјализирани услуги – СОС-линија за помош на жртвите на насилство врз жени и семејно насилство (октомври 2021 год.)[22].

Специјализираните сервиси за жени жртви на насилство се достапни за секоја жена, во согласност со член 7 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, каде што е дефинирана категоријата ранливи жени.

Специјализираните сервиси, кои се воспоставени како организациски единици на центрите за социјална работи, се категоризирани во буџетската програма на центарот за социјална работа. Специјализираните сервиси, кои се менаџирани од страна на здруженијата, а финансирани од Министерството, секоја година се обезбедуваат во согласност со Законот за игри на среќа и забавни игри. Услугите што ги добиваат жртвите се бесплатни, без разлика на нивниот приход.

Координацијата и упатувањето во специјализираните сервиси за жени жртви на насилство и семејно насилство може да бидат направени од страна на центарот за социјална работа; здружение; полицијата/полициски службеник.

На територијата на Република Северна Македонија се воспоставени СОС-линии кои се менаџирани од страна на здруженија. Овие линии се бесплатни за жртвите и услугите ги даваат операторки кои се обучени за давање на ваков вид услуга. Министерството за труд и социјална политика, во последните четири години, во континуитет ја финансира бесплатната мобилна СОС-линија која е управувана (менаџирана) од страна на здружение, избрано на јавен повик.

Во Правилникот за начинот на процена на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и на членовите на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, на соодветното управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот (член 13), при процена на ризикот од страна на полициските службеници, доколку во домот на жртвата се присутни деца или лица со ограничена или одземена деловна способност, е предвидена обврска за полицијата, таа да повика полициски службеник од надлежната организациска единица за криминалистички работи во Министерството за внатрешни работи, поради тоа што тие се обучени за постапување со деца. (Овој дел е несоодветен бидејќи укажува само на ризикот на МВР по Правилникот, а претходно се поставени правилниците за ризик на МТСП и на МВР).

Во сите случаи кога е потребно да се обезбеди соодветна грижа за деца или лица со ограничена или одземена деловна способност, се известува надлежниот центар за социјални работи, кој ги презема потребните мерки и активности за заштита на правата и интересите на децата и лицата со ограничена или одземена деловна способност (вклучително и за советување на децата сведоци или жртви).

Во Упатството за постапката, за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство во основните училишта, е прикажана категоризацијата на насилство од прв, втор и трет степен, а исто така, изготвен е и формулар за евиденција на насилството, како и формулар за план за заштита на жртвата од насилство, без разлика на род, родов идентитет, општествен статус или која било друга основа, како и промена на однесувањето на сторителот, преку кои по пат на прашања ќе се идентификува дали постои насилство и од кое ниво и во која категорија тоа спаѓа. Во согласност со истиот член, став 3, Бирото за развој на образованието склучи Меморандум за соработка со Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници – „Маргини“, за изготвување подзаконски акт за постапката за

[22] Врска: <https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx>

пријавување и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

# V. Материјално право

(Поглавје V од Конвенцијата, членови од 29 до 48)

Системот за заштита од родовобазирано насилство и семејно насилство во Република Северна Македонија го сочинуваат две компоненти, и тоа:

(1) Кривично-правната компонента, која има цел да го санкционира насилното однесување што се случува во семејството и

(2) Граѓанско-правната компонента, во која се регулирани привремените мерки за обезбедување брза и сигурна заштита на жртвите од дополнително или идно насилство над жените и од семејно насилство.

Основна карактеристика на правниот систем за заштита е што двете компоненти се дополнуваат и не се исклучуваат решенијата кои се нудат преку одделните правни системи.

Проблемот на семејното насилство во Република Северна Македонија се препознава и го губи карактерот на приватна работа во рамките на семејството, поради што во континуитет се преземаат соодветни мерки за превенирање и спречување на насилството и за заштита на жртвите, а се воспоставува поефикасен систем за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Посебно внимание се посветува и на унапредувањето на националната легислатива. Имено, со Законот за семејство и со Кривичниот законик, почнувајќи од 2004 година, експлицитно се инкриминираше семејното насилство. Следејќи ја оваа насока, во функција на унапредувањето на целокупниот систем за превенција, спречување и заштита на жртвите од семејно насилство, во 2014 година, го донесе првиот системски Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.

Во согласност со Програмата на Владата, во Република Македонија, во периодот 2017 – 2020 година и во насока на реализација на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба со насилството над жената и со домашното насилство 2018 – 2023 година, во јануари 2021 година, донесе нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, со кој се овозможи сеопфатен пристап, односно интегриран мултидисциплинарен одговор во борбата со насилството над жената и семејното насилство, почитувајќи ги човековите права во согласност со меѓународните стандарди.

Специфична легислатива претставува Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство[23].

Со овој закон се уредува постапувањето на институциите со должно внимание при преземањето мерки за превенција од родовобазирано насилство над жените и од семејното насилство, постапувањето на институциите за заштита на жените од родовобазирано насилство и семејно насилство, меѓусебната координација на институциите и организациите, услугите за заштита на жртвите и собирањето податоци за родовобазирано насилство над жените и за семејното насилство.

Цел на законот е превенција и спречување на родовобазирано насилство над жените и на семејното насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родовобазирано насилство над жените, како и на жртвите од семејно насилство, со почитување на основните човекови слободи и права, загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и со

[23] „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 24/21.

меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. Целта на Законот се заснова на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги.

Кривично-правната заштита на жените жртви на насилство се остварува во согласност со одредбите на Кривичниот законик и на Законот за кривична постапка.

Министерството за правда на РСМ изработи измени и дополнувања на Кривичниот законик во кои се вградени стандрадите на Истанбулската конвенција. Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик е во собраниска постапка на донесување. Исто така, во собраниска постапка на донесување е Законот за исплата на паричен надоместок на жртвите од кривично дело со насилство. Со овој предлог-закон, жртвите на родовобазирано насилство и семејно насилство имаат право на надомест на штета, во согласност со одредбите на овој закон.

Поимот за жртва и оштетен, како и нивните права, се уредени во Законот за кривична постапка.

**Жртва на кривично дело** е секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда, или загрозување на неговите права и интереси како последица од сторено кривично дело.

**Оштетен**, покрај жртвата, е и друго лице. чие лично или имотно право е повредено или е загрозено со кривично дело и кое учествува во кривичната постапка со приклучување кон кривичното гонење.

Исто така, правата на жртвите се уредуваат во членовите од 53 до 56.

Во согласност со член 53, став 1: „Жртвата на кривично дело има право да учествува во кривичната постапка како оштетен, со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета“. Исто така, во согласност со член 57, став 1, алинеја 3, се уредува дека во кривичната постапка, оштетениот има право да стави предлог за остварување на имотноправното барање.

Одредбите за **имотноправно барање** се содржани во членовите од 110 до 120. Имено, имотноправното барање:

- настанало поради извршување на кривичното дело, ќе се расправа по предлог од овластените лица во кривичната постапка, ако со тоа значително не би се одолжувала оваа постапка.
- може да се однесува на надоместок на штета, на враќање предмети или на поништување на определена правна работа.
- во случај на осигурување, оштетениот може да го поднесе и за осигурително друштво.

Имотноправно барање во кривична постапка може да **поднесе** лице кое е овластено да го остварува таквото барање во спор. Имотноправно барање во кривична постапка се поднесува до органот до кој се поднесува кривичната пријава или до судот пред кој се води постапката.

Барањето може да се поднесе најдоцна до завршувањето на главната расправа пред првостепениот суд. Овластеното лице е должно да го наведе своето барање според видот и висината и да поднесе докази. Ако овластеното лице не поднесе имотноправно барање во кривичната постапка, до моментот на поднесувањето на обвинението, ќе се извести дека може тој предлог да го поднесе до завршувањето на главната расправа.

За имотноправното барање одлучува судот. Со пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, судот одлучува целосно за имотноправното барање или делумно, а за преостанатиот износ на имотноправното барање го упатува оштетениот да го остварува во спор. Доколку

доказите во кривичната постапка не даваат доволна основа за целосно или делумно пресудување на имотноправното барање, а за нивно дополнително обезбедување постои опасност од неоправдано одолжување на кривичната постапка, судот ќе го упати оштетениот имотноправното барање да го остварува во спор.

Кога судот ќе донесе пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението, или со која се одбива обвинението, или кога со решение ќе ја запре кривичната постапка, ќе го упати оштетениот дека може имотноправното барање да го остварува во спор. Кога судот ќе се огласи за ненадлежен за кривичната постапка, ќе го упати оштетениот дека може имотноправното барање да го пријави во кривичната постапка што ќе ја започне или ќе ја продолжи надлежниот суд.

Во однос на член 30, став 2, од Конвенцијата, РСМ, при ратификација на оваа конвенција, ја стави следната резерва. Република Македонија го задржува правото: „да го применува член 30, став 2, од Конвенцијата, во согласност со одредбите на Законот за правда за децата само кон дете за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва, односно оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок со елементи на насилство“.

Министерот за правда носи **Програма за обесштетување на дете жртва или оштетен со дејство коешто со закон е превидено како дело на насилство и на други акти на индивидуално или на групно насилство**.

Од јануари до јуни 2021 година, донесени се и исплатени се четири решенија за обесштетување на дете жртва – девојчиња, во вкупен износ од 1.500.000,00 денари**.** Исплатата е извршена во рамките на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејство кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2021 година.[24]

Во согласност со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, во член 47, Центарот за социјална работа, кога како жртва се јавува дете или лице кое не е во состојба да се грижи за себе, или лице кому му е ограничена или одземена деловната способност, покрај мерките за заштита од овој закон, презема и мерки во согласност со Законот за семејството, кои се однесуваат на уредувањето на односите на родителите и децата, надзорот над вршењето на родителското право и старателството и во согласност со Законот за правда на децата. Во постапките за доверување на детето на еден од родителите, Центарот за социјална работа го зема предвид интересот на детето, на таков начин, така што ќе внимава да не ги загрозува правата и безбедноста на жртвата и/или на децата. Центарот за социјална работа може привремено да ги ограничи или да ги забрани личните односи и непосредните контакти на детето со родителот со когошто не живее заедно, ако тоа е во интерес на детето, додека траат ризикот и последиците од извршеното насилство.

Форми на насилство содржани во Кривичниот законик на Република Северна Македонија, и тоа како посебни кривични дела, или како дејства на извршување во одделни кривични дела, се:

1. Најнапред, Кривичниот законик на РСМ содржи општа дефиниција на поимот семејно насилство, а потоа дејството на извршување семејно насилство е содржано во следните кривични дела: член 123: Убиство (ст. 2, т. 2), член 125: Убиство на миг, член 130: Телесна повреда (став 2), член 131: Тешка телесна повреда (став 2), член 139: Присилба (став 2), член 140: Противправно лишување од слобода (став 2), член 144: Загрозување на сигурноста (став 2), член

[24] „Службен весник на РСМ“, бр. 32/21.

189: Обљуба со злоупотреба на положбата (став: 2) и член 191: Посредување во вршење на проституција (став: 3).

Имено, во член 122, точка 21: „Под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи“.

Предложените измени на Кривичниот законик содржат дефиниции на семејно насилство, насилство кон жената и на родовобазирано насилство, кои во целост се во согласност со Конвенцијата.

2. Од аспект на лицата кои можат да бидат жртви на вакво насилство, Кривичниот законик ги опфаќа: „брачен другар, родителите или децата, или други лица кои живеат во брачна или во вонбрачна заедница, или во заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи“.

Законот за семејство ги вклучува:

„Брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството, браќа и сестри, полубраќа и полусестри; постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и лица – членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена. Под блиски лични односи во смисла на овој закон се подразбираат лични односи помеѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница“.

3. Во однос на инкриминирањето на **физичкото и психичкото насилство,** потребно е да се нагласи дека тоа е дел од дефинициите за семејно насилство во Кривичниот законик, но и во кривичните дела: Телесна повреда, во член 130, и Тешка телесна повреда, член 131. Предложените измени на КЗ содржат измени и во овие кривични дела со цел тие да се доведат во согласност со одредбите на Конвенцијата.

4. Во однос на член 42 од Конвенцијата, не постои експлицитна одредба во Кривичниот законик со која, во кривичната постапка почната по извршување на кој било акт на насилство опфатени со Конвенцијата, културата, обичаите, религијата, традицијата или таканаречената чест, не може да се сметаат за оправдување за таквите дела, ниту како олеснителни околности. Во овие случаи се применува член 39 од Кривичниот законик.

5. Во однос на кривичното дело: Демнење, во член 144 од Кривичниот законик на РСМ е содржано кривичното дело „Загрозување на сигурноста“, и притоа во ставот 1 се инкриминирани дејствата на загрозување на сигурноста на друг, со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело, или врз животот или телото на нему блиско лице, а во ставот 2 се казнува тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство. Во предложените измени и дополнувања на КЗ е вградено ново кривично дело, Демнење, и тоа е во согласност со барањата на Конвенцијата.

6. Во однос на кривичното дело сексуално насилство и силување, содржано во член 36 од Конвенцијата, анализата утврди потреба од усогласување на членот 186: Силување, од Кривичниот законик на РСМ со Конвенцијата и практиката на Европскиот суд за човекови права. Предложените измени и дополнувања на член 186 од КЗ се во согласност со барањата на Конвенцијата.

7. Во однос на кривичното дело на присилен абортус и присилна стерилизација, дејствата на извршување од член 129: Противправно прекинување на бременост, од КЗ кореспондираат со тие во член 39 од Конвенцијата.

8. Дејството на принуден брак е содржано во кривичното дело во член 418г: Трговија со дете.

9. Сексуалното вознемирување не претставува кривично дело во законодавството на РМ и правната заштита од овој вид насилство се остварува во согласност со одредбите од Законот за работните односи и Законот за еднаквост помеѓу мажите и жените. Со предложените измени на КЗ се предлага воведување ново кривично дело: полово вознемирување.

10. Женското генитално обрежување не е содржано во нашиот КЗ и тоа е предмет на уредување со предложенте измени на КЗ.

11. Во однос на **санкциите,** идентично како и во Конвенцијата, и во законодавството на РСМ, за овие дела во нашето кривично законодавство се предвидуваат казни лишување од слобода и можност за одземање на родителските права, и не се предвидуваат медијација и алтернативно решавање на спорови за вакви случаи.

12. Конвенцијата бара да се предвидат посебни **отежнувачки околности** при одмерување на казната за овие дела.

Во член 39 од Кривичниот законик се содржани општи правила за одмерување на казната. Притоа Законот не ги диференцира олеснувачките од отежнувачките околности, туку на судот му ја препушта таквата оцена.

Општата одредба за одмерување на казната од став 2 на овој член го обврзува судот да ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено:

– степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични причини и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот.

Исто така, тука спаѓаат и аргументите:

– дали кривичното дело е сторено против лице, група лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожата, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здраствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.

– дали кривичното дело е сторено повратно, а посебно ќе се има предвид дали поранешното дело е од ист вид како и новото дело, дали се работи за продолжено кривично дело и дали постои исклучително висок степен на противправност што во корелација со другите околности под кои е сторено кривичното дело го оправдува изрекувањето на построга санкција и

– за имотната состојба на сторителот, водејќи притоа сметка за неговите други приходи, за неговиот имот и за неговите семејни обврски.

13. Во однос на член 41 од Конвенцијата, кој се однесува на помагањето или на поттикнувањето и обидот за овие дела, соодветно се применуваат следните одредби од Кривичниот законик: Соизвршителство: член 22; Поттикнување: член 23; Помагање: член 24, и Граници на кривичната одговорност и на казнивоста на соучесниците: член 25.

14. Претходноспоменатите кривични дела се предмет на екстрадиција во согласност со одредбите: Законот за кривичната постапка, Законот за меѓународна соработка во кривична материја и ратификуваните конвенции во оваа област.

15. Во однос на прашањето за границата на возраста за недопуштеност на сексуален акт, во согласност со член 188: Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години, се инкриминираат дејствата на: „Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејство врз дете кое не наполнило 14 години, при што е предвидена казна затвор, ќе се казни со затвор од најмалку 12 години". Во став 2 се уредува следново: „Ако поради делото од став (1) настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор најмалку 15 години". Во ова кривично дело се предвидуваат измени и дополнувања, со цел негово усогласување со Конвенцијата. На сторителот на делото од ставот (2) на овој член, судот ќе му изрече забрана за вршење професија, дејност или должност, под условите од членот 38-б од овој законик (став 3).

За податоци кои се однесуваат на случаи што резултирале со смрт на жена, Министерството за правда ја цитира: „Анализата на случаи на фемициди – убиства на жени во РСМ 2017 – 2020 година"[25], (достапна на <https://www.mk.undp.org/content/dam/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/docs/Femicid_MK.pdf>):

„Во периодот 2017 – 2020 година, убиени се вкупно 26 жени, според податоците на Државниот завод за статистика. Од нив, 22 убиства (84 %) може да бидат квалификувани како фемициди.

– Од направените увиди во предметите за убиства на 16 жени, кривичното дело може да биде квалификувано како фемицид во 14 случаи.

– Кај повеќе од 75 % од анализираните случаи на убиство на жена, кривичното дело е извршено од страна на актуелниот или поранешен брачен или вонбрачен партнер со когошто таа живеела во заедница.

– Во над 80 % случаи, иако постоело насилство за што, подоцна во постапката, сведочеле и блиски роднини на жртвата, ниедна од 14 убиени жени не го пријавила насилството што го преживувала во надлежните институции. Поголемиот дел од убиените жени биле изложени на повеќе од една форма на родовобазирано насилство, а шест од нив добивале и закани за убиство.

– Најголем број од убиствата (50 %) се случиле во семејниот дом, односно во домот каде што сторителот и жртвата живееле заедно, додека 25 % од убиствата се случиле во домот во кој жртвата живеела сама или со своите родители, или со други членови на семејството. Овој заклучок е само уште една потврда дека жените во Република Северна Македонија се најнебезбедни во својот дом.

– Користењето огнено оружје за извршување на убиството е намалено, односно во периодот од 2008 до 2016 година, од вкупно 28 анализирани убиства на жени, 15 или 53,5 % се извршени со огнено оружје, за кое во седум случаи сторителот не поседувал дозвола за користење, а во четири случаи не постоела информација за поседување/непоседување, поради тоа што сторителот се самоубил веднаш откако го извршил убиството.

– Висината на изречената казна се движи од 10 години до доживотен затвор (во два случаи), со исклучок на два случаи за коишто е изречена казна – мерка на безбедност: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа".

Посебниот извештај од Народниот правобранител, од спроведеното истражување за состојбата со семејното насилство во РС Македонија се однесува на периодот за 2019 година и

---

[25] Изработена од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство: „Глас против насилството", во рамките на проектот „Патоказ за одржливо решение за нелегалното поседување, злоупотребата и трговијата со мало и лесно оружје и муниција во Западен Балкан до 2024 г.", спроведуван од Канцеларијата на УНДП во Скопје.

од јануари до мај 2020 година. Во него, Народниот правобранител, за 2019 година, дава податок дека имало 256 сторители, а во 2020 година, само за 5 месеци се евидентирани 116 случаи.

Податокот за вкупниот број сторители на семејно насилство според пол (прикажано на графиконот потаму) укажува на тоа дека мажите за осум до деветпати повеќе се јавуваат како сторители на семејно насилство во однос на жените. Во текот на 2019 година, мажите се јавуваат како сторители на семејно насилство во 228 случаи, а жените во 28, што е осумпати повеќе, а во периодот јануари – мај 2020 година, овој соодност помеѓу мажите и жените сторители е приближно деветпати зголемен.

Според податоците од основните судови, во текот на 2019 година, евидентирани се 272 жртви на семејно насилство и 117 во периодот јануари – мај 2020 година.

Податоците за вкупниот број жртви на семејно насилство според пол, прикажани на графиконот во продолжение, укажуваат дека жените за околу трипати повеќе се јавуваат како жртви во споредба со мажите.




Анализата на вкупниот број жртви на семејно насилство според возраст покажува дека во 2019 година, како и во периодот на истражување за 2020 година, возрасните лица најмалку десетпати повеќе се жртви на семејно насилство во споредба со децата. Она што е видливо од графиконот во продолжение, во 2019 година, бројот на возрасни жртви на семејно насилство изнесува 257, а во периодот јануари – мај 2020 година, имало 104 возрасни жртви. Додека, во двата истражувачки периода, бројот на децата жртви на семејно насилство изнесува 21, односно 10.




За двата испитувани периоди најмногу постапки се почнати за телесно/физичко насилство (вкупно 265 постапки), потоа за психичко (вкупно 35 постапки), како и постапки за родовобазирано насилство (вкупно 32).

За сексуално насилство не е почната ниту една постапка, ниту во 2019, ниту во истражувачкиот приод за 2020 година. Во периодот март – мај (за време на вонредната состојба), најмногу постапки биле почнати за телесно/физичко насилство (22), за родовозасновано насилство (9) и за психичко насилство (7).

Од графиконот се забележува дека најмногу пресуди – Условна осуда, и за двата периода се донесени за телесно/физичко насилство (вкупно 122), потоа за родовозасновано насилство (вкупно 18) и за психичко насилство (вкупно 11).




За вкупниот број донесени осудителни пресуди – Казна затвор, според видот на семејното насилство, а кои се започнати и завршени во 2019 година, односно во периодот јануари – мај 2020 година, податоците се презентирани на следниот графикон, од кој може да се забележи дека за телесно/физичко насилство се донесени најмногу пресуди – Казна затвор

(вкупно 31), по што следуваат изречените казни затвор за родовозасновано насилство (вкупно 6) и две за психичко насилство.



Од податоците од основните судови за вкупниот број пресуди за казна затвор – правосилни и извршни, според видот на насилство, евидентирани во основните судови, се заклучува дека во 2019 година има вкупно 34 започнати и завршени казни за телесно/физичко насилство и три казни за психичко насилство, додека казни за сексуално и родовозасновано насилство воопшто не се евидентирани. За периодот во 2020 година, има вкупно четири започнати и завршени казни за телесно/физичко насилство, две казни за психичко насилство, додека казни за сексуално и родовозасновано насилство воопшто не се евидентирани. Во двата истражувачки периоди вкупно се донесени 10 ослободителни пресуди од основните судови, и тоа девет во 2019 година и една во истражувачкиот период за 2020 година. Пет (5) ослободителни пресуди се донесени поради тоа што делото за кое се обвинува не спаѓа во кривични дела според Законот и пет (5) врз основа на тоа што Јавниот обвинител или тужителот не докажал дека обвинетиот го сторил делото. Од продлабочената анализа на видот на донесените пресуди од основните судови, за кривичните дела – семејно насилство, произлегува дека во дури 75 % од случаите, пресудите се условни осуди, додека во 20 % од случаите се изрекува казна затвор, а во многу помал процент (само 5 %) се донесува ослободителна пресуда. Констатацијата е дека се изречени дури 151 условна осуда. Пресудите за вакви сериозни кривични дела укажуваат на фактот дека судовите имаат тенденција кон поблаго осудување на сторителите (со условна осуда), што дополнително загрижува, а особено се надоврзува на фактот дека мал број казни со затвор почнале да се извршуваат.
Податоците за тоа колкав е вкупниот број донесени одбиени пресуди за сторени кривични дела, се прикажани на следниот графикон, од кој може да се види дека најголем број одбиени пресуди се донесени поради тоа што тужителот, од започнувањето до завршувањето на главната расправа, се откажал од обвинението, и тоа во 21 случај.

# VI. Истрага, обвинителство и процесно право и заштитни мерки

Во член 4 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, дефиниран е принципот за постапување со должно внимание. На овој начин, направено е усогласување со водечките принципи на Конвенцијата, а тоа е принципот на должно внимание со кој се создава позитивна обврска на државата за ефективна заштита на правото на живот. Всушност, принципот „должно внимание“ ја дефинира обврската на институциите, навремено, итно и во согласност со законските овластувања, да ги преземаат сите мерки и овластувања за да ѝ овозможат заштита на жртвата и да им обезбедат правичен надоместок на жртвите или враќање во првобитна положба, пред дејствата на насилство. (Во оваа глава треба да се наведува по Кривичниот закон – МП).

Покрај наведеното, се земаат предвид интересите и потребите на жртвата.

| КРИВИЧНИ ДЕЛА | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | ЖЕНИ - ЖРТВИ | | | СОПРУГА | | | ПОРАНЕШНА СОПРУГА | | | ЖЕНА ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА | | | МАЈКА | | | ЌЕРКА | | | ОСТАНАТИ ЖЕНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. |
| Убиство - член 123 став 2 | **5** | **4** | **2** | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | | | | | 1 | | | | | | | 1 | |
| Убиство во обид - член 123 став 2 в.в. член 19 | **1** | **4** | **2** | | 4 | 2 | | 1 | 1 | | | | | | | | 1 | | | | | | 2 | 1 |
| Телесна повреда -член 130 став 2 | **588** | **594** | **502** | 506 | 515 | 431 | 268 | 260 | 228 | 22 | 21 | 20 | 46 | 56 | 48 | 62 | 60 | 43 | 18 | 28 | 32 | 90 | 90 | 60 |
| Тешка телесна повреда -член 131 став 2 | **23** | **31** | **17** | 14 | 20 | 11 | 5 | 8 | 6 | | 2 | | | 2 | 1 | 2 | 4 | 2 | | | | 7 | 4 | 2 |
| Присилба-чл.139 ст.2 | **1** | **9** | **4** | 2 | 10 | 5 | 0 | 7 | 2 | | | | | 1 | | | | 1 | | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |
| Загрозување на сигурноста - член144 став 2 | **366** | **337** | **266** | 318 | 276 | 223 | 154 | 130 | 108 | 29 | 27 | 23 | 23 | 13 | 12 | 58 | 44 | 33 | 14 | 15 | 14 | 40 | 47 | 33 |
| Противправно лишување од слобода - член 140 став 2 | **4** | **12** | **5** | 4 | 11 | 5 | 1 | 3 | 1 | | | | 1 | | 2 | | 2 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 | 1 |
| Обљуба со злоупотреба на положба - член 189 став 2 | **0** | **0** | **0** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Посредување во вршење проституција - член191 став3 | **1** | **1** | | 1 | 1 | | 1 | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
| Детска проституција - член191 - а став 4 | **0** | **0** | **0** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ***ВКУПНО:*** | ***989*** | ***992*** | ***798*** | ***847*** | ***840*** | ***678*** | ***430*** | ***410*** | ***347*** | ***51*** | ***51*** | ***43*** | ***70*** | ***73*** | ***63*** | ***123*** | ***111*** | ***79*** | ***33*** | ***45*** | ***48*** | ***140*** | ***150*** | ***98*** |

*Табела 1: Кривични дела, сторители и жртви - жени во врска со семејно насилство од 2019 до јануари - септември 2021 година*

| СЕКТОРИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | КРИВИЧНИ ДЕЛА | | | СТОРИТЕЛИ | | | ЖРТВИ - ЖЕНИ | | | СОПРУГА | | | ПОРАНЕШНА СОПРУГА | | | ЖЕНА ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА | | | МАЈКА | | | ЌЕРКА | | | ОСТАНАТИ ЖЕНИ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 | 2019 | 2020 | јануари - септември 2021 |
| Скопје | 267 | 326 | 229 | 272 | 338 | 240 | 235 | 283 | 226 | 99 | 119 | 94 | 22 | 16 | 13 | 10 | 16 | 23 | 26 | 34 | 26 | 6 | 16 | 29 | 72 | 82 | 41 |
| Битола | 184 | 136 | 122 | 84 | 137 | 130 | 165 | 118 | 98 | 111 | 63 | 61 | 7 | 6 | 5 | 9 | 19 | 11 | 18 | 15 | 6 | 6 | 4 | 8 | 14 | 11 | 7 |
| Велес | 81 | 79 | 96 | 187 | 81 | 97 | 75 | 66 | 76 | 35 | 30 | 39 | 4 | 1 | 8 | 11 | 11 | 8 | 8 | 7 | 10 | 10 | 5 | 2 | 7 | 12 | 9 |
| Куманово | 99 | 84 | 54 | 101 | 84 | 54 | 89 | 74 | 45 | 55 | 42 | 20 | 0 | 2 | 4 | 7 | 6 | 7 | 17 | 12 | 6 | 0 | 4 | 1 | 10 | 8 | 7 |
| Охрид | 72 | 75 | 82 | 72 | 78 | 89 | 55 | 62 | 68 | 26 | 29 | 42 | 4 | 4 | 5 | 2 | 4 | 1 | 12 | 12 | 7 | 2 | 2 | 3 | 9 | 11 | 10 |
| Струмица | 95 | 74 | 77 | 97 | 76 | 77 | 80 | 56 | 55 | 39 | 26 | 29 | 5 | 6 | 2 | 7 | 6 | 1 | 19 | 13 | 14 | 6 | 2 | 1 | 4 | 3 | 8 |
| Тетово | 98 | 96 | 73 | 109 | 106 | 79 | 79 | 80 | 59 | 32 | 46 | 30 | 3 | 5 | 1 | 13 | 8 | 8 | 13 | 4 | 4 | 1 | 5 | 3 | 17 | 12 | 13 |
| Штип | 93 | 122 | 65 | 91 | 125 | 66 | 69 | 101 | 51 | 33 | 55 | 32 | 6 | 11 | 5 | 11 | 3 | 4 | 10 | 14 | 6 | 2 | 7 | 1 | 7 | 11 | 3 |
| ***Вкупно:*** | ***989*** | ***992*** | ***798*** | ***1013*** | ***1025*** | ***832*** | ***847*** | ***840*** | ***678*** | ***430*** | ***410*** | ***347*** | ***51*** | ***51*** | ***43*** | ***70*** | ***73*** | ***63*** | ***123*** | ***111*** | ***79*** | ***33*** | ***45*** | ***48*** | ***140*** | ***150*** | ***98*** |

*Табела 2: Кривични дела, сторители и жртви - жени во врска со семејно насилство од 2019 до јануари - септември 2021 година по СВР*

| СЕКТОРИ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | број на прекршоци | | | сторители | | | жртви - жени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. |
| Скопје | 345 | 347 | 192 | 354 | 365 | 204 | 223 | 211 | 110 |
| Битола | 0 | | | | | | | | |
| Велес | 20 | 18 | 26 | 27 | 45 | 38 | 13 | 15 | 17 |
| Куманово | 14 | 30 | 18 | 21 | 31 | 19 | 8 | 18 | 9 |
| Охрид | 7 | 11 | 1 | 9 | 13 | 2 | 4 | 3 | 2 |
| Струмица | 5 | | | 5 | | | 3 | | |
| Тетово | 11 | 13 | 13 | 11 | 13 | 13 | 5 | 1 | 8 |
| Штип | 68 | 67 | 48 | 98 | 91 | 64 | 49 | 28 | 21 |
| ***Вкупно:*** | ***470*** | ***486*** | ***298*** | ***525*** | ***558*** | ***340*** | ***305*** | ***276*** | ***167*** |

*Табела 3: Прекршоци во врска со семејно насилство од 2019 до јануари - септември 2021 година по СВР*

| СЕКТОРИ ЗА ВНАТРЕШН И РАБОТИ | број на поплаки | | | физичко малтретирање | | | психичко малтретирање | | | економско малтретирање | | | сторители | | | жртви - жени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. | 2019 год. | 2020 год. | јануари - септември 2021 год. |
| Скопје | 453 | 582 | 438 | 85 | 130 | 166 | 368 | 452 | 265 | 0 | 0 | 7 | 457 | 600 | 443 | 316 | 430 | 341 |
| Битола | 638 | 632 | 455 | 244 | 138 | 34 | 394 | 493 | 421 | 0 | 1 | 0 | 638 | 635 | 462 | 460 | 443 | 301 |
| Велес | 335 | 517 | 370 | 13 | 38 | 16 | 314 | 468 | 332 | 8 | 11 | 22 | 348 | 552 | 389 | 226 | 344 | 248 |
| Куманово | 269 | 289 | 298 | 57 | 53 | 52 | 199 | 231 | 238 | 13 | 5 | 8 | 279 | 289 | 284 | 160 | 196 | 184 |
| Охрид | 171 | 319 | 220 | 14 | 7 | 1 | 135 | 309 | 217 | 22 | 3 | 2 | 171 | 329 | 226 | 93 | 202 | 135 |
| Струмица | 484 | 447 | 394 | 108 | 17 | 9 | 360 | 426 | 384 | 16 | 4 | 1 | 498 | 459 | 394 | 338 | 288 | 248 |
| Тетово | 249 | 244 | 193 | 23 | 93 | 72 | 214 | 133 | 111 | 12 | 18 | 10 | 251 | 249 | 196 | 150 | 159 | 136 |
| Штип | 597 | 729 | 517 | 13 | 21 | 13 | 573 | 695 | 500 | 11 | 13 | 4 | 619 | 744 | 533 | 398 | 457 | 314 |
| ***Вкупно:*** | ***3.196*** | ***3.759*** | ***2.885*** | ***557*** | ***497*** | ***363*** | ***2.557*** | ***3.207*** | ***2.468*** | ***82*** | ***55*** | ***54*** | ***3.261*** | ***3.857*** | ***2.927*** | ***2.141*** | ***2.519*** | ***1.907*** |

*Табела 4: Прекршоци во врска со семејно насилство од 2019 до јануари - септември 2021 година по СВР*

Процената на ризикот се врши од страна на полициските службеници при првиот контакт со жртвата, со идентификација на ризикот, опис на ризикот, негово јасно формулирање, со наведување на причините поради кои тој се јавува, како и можните последици од повторување на насилството.

При процената на ризикот се земаат предвид сите фактори кои можат да го зголемат ризикот од идно насилство врз жртвата и нејзина дополнителна виктимизација. Воедно, се земаат предвид околностите кои се специфични за секој поединечен случај.

Факторите кои се земаат предвид при процена на ризикот се однесуваат особено на:

– облиците на насилство (физичко, сексуално, психолошко и економско);

– историјата на насилничко однесување (дали сторителот и претходно бил насилен, дали е насилен врз децата и врз други членови на семејството, дали е сторител на прекршоци и кривични дела, дали претходно му биле изречени итни или привремени мерки за заштита и дали нив ги почитувал или ги прекршувал);

– интензитет на насилството (зачестеност на насилството, закани кон жртвата или кон членови на семејството со насилство и/или со оружје или со орудија погодни за напад, пристап на сторителот до оружје, особено до огнено оружје, изолација на жртвата – заклучување, забрана да излегува, забрана да контактира со пријатели и роднини, контролирачко однесување над жртвата, прогонување, следење, демнење, дали демнењето е проследено со закани или со активно физичко насилство, закана за убиство, обид за давење, присилба да направи нешто што е спротивно на волјата на жртвата);

– фактори кои се поврзани со лични ставови, вредности, состојби и однесување на сторителот (статусот на вработување или финансиски проблеми на сторителот, злоупотреба на алкохол и/или дрога, ментално-здравствени проблеми; љубомора, посесивност, патријархални ставови, обиди или закани со самоубиство);

– други фактори специфични за случајот (личната животна ситуација на жртвата и достапната поддршка, согледувањето на жртвата за ризикот и нејзините стравови, заеднички деца, отстранување на сторителот од домот, дали бил насилен за време на бременоста на жртвата и други релевантни семејни состојби, попреченост на жртвата, како и идентификување на други фактори за ризик кои можат да ја загрозат безбедноста на жртвата).

За изработка на процената на ризикот се користи стандардизиран образец, даден во прилог на Правилникот.

По извршената процена на ризикот, а најдоцна до 12 часа од интервенцијата на настанот, од страна на полициските службеници се изготвува полициски извештај за извршена интервенција по пријава за семејно насилство.

По процената на ризикот и изготвувањето на полицискиот извештај, во случаи кога постојат сериозна опасност по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и ризик од повторување на насилството, полицискиот службеник е должен во **рок од 12 часа од интервенцијата**:

– да достави до надлежниот суд предлог за изрекување итна мерка за заштита – *отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот;*

– да го извести надлежниот центар за социјална работа заради преземање мерки за заштита на жртвата.

Привремената итна мерка за заштита – *отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот* – ја изрекува судот во траење од најмалку 10, а најмногу до 30 дена.

Од моментот кога на сторителот на семејно насилство му е врачена, односно доставена Одлуката за изречената привремена мерка за заштита – „отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот“, доколку не сака доброволно да го напушти домот, полицискиот службеник е должен да го отстрани од домот во рок од два часа.

Кога сторителот доброволно го напушта домот, полициските службеници му овозможуваат на сторителот, од домот од кој се отстранува, да ги земе личните документи и предметите потребни за секојдневна лична употреба и го предупредуваат сторителот да ги предаде клучевите од домот од кој се отстранува, на жртвата или на друго присутно лице кое ја придружува жртвата или има доверба во него.

Кога сторителот не сака доброволно да го напушти домот, полициските службеници ја извршуваат привремената мерка со примена на законските овластувања и покрај дејствата кои ги преземаат при доброволно напуштање на домот, на сторителот му упатуваат и усна забрана за приближување до домот од кој е отстранет и го информираат за законските последици од непочитување на привремената мерка.

Во случај на непочитување или прекршување на изречената привремена итна мерка за заштита, полициските службеници веднаш го известуваат судот. Истовремено, кога е прекршена привремената мерка за заштита во делот на забраната за приближување до домот, полициските службеници ќе достават предлог до јавниот обвинител за определување мерки на претпазливост.

Во Глава VIII од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство се содржани одредби за итни и привремени мерки за заштита**:**

Во став 1 од член 57 се уредува дека, заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и на членовите на нејзиното семејство, се изрекува **итна мерка** за заштита, и тоа отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот на предлог на Министерството за внатрешни работи, без согласност на жртвата.

Предлогот за изрекување итна мерка за заштита, Министерството за внатрешни работи го доставува до надлежниот суд по направената процена на ризикот, по член 50, став 2, од овој закон и полицискиот извештај по член 49, став 7, од овој закон. Итната мерка за заштита од ставот 1 на овој член се изрекува во траење од најмалку десет, а најмногу до 30 дена.

Во **член 58** се содржани: **Привремените мерки за заштита:**

(1) Заради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање ефикасни мерки кон сторителот на насилство, заради елиминирање на причините за повторно вршење на насилството, на сторителот на родовобазирано насилство врз жени и предизвикување жртви на семејно насилство, судот може да му ги изрече следниве привремени мерки за заштита:

1) забрана да се заканува дека ќе стори насилство;

2) забрана да малтретира, да вознемирува, да телефонира, да контактира или на друг начин, директно или индиректно, да комуницира со жртвата;

3) забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или до определено место кое жртвата редовно го посетува;

4) отстранување од домот, без оглед на сопственоста, во траење од десет до 30 дена;

5) забрана да поседува огнено или друго оружје или тоа да му биде одземено;

6) задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на жртвата и на семејството;

7) задолжително законско издржување на семејството;

8) задолжително да посетува советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство;

9) задолжително лекување на сторителот доколку употребува алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување;

10) сторителот задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од насилството и

11) која било друга мерка која судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на жртвата и на другите членови на семејството.

Во член 59 се утврдува дека Министерството за внатрешни работи е должно да поднесе предлог за изрекување итна мерка за заштита по член 57 од овој закон, до надлежниот суд, заради отстранување на непосредна и сериозна опасност за животот и за физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и на членови на нејзиното семејство.

Предлог за изрекување привремена мерка за заштита до надлежниот суд, може да поднесе жртвата сама, преку центарот за социјална работа, на нејзино барање. Центарот за социјална работа може да поднесе предлог за изрекување привремена мерка до надлежниот суд,

со согласност на жртвата. Родителот или старателот може да поднесе предлог за изрекување привремена мерка за заштита во име на малолетно дете и лице со ограничена или одземена деловна способност, како и за лице над кое е продолжено родителското право. Центарот за социјална работа задолжително поднесува предлог до судот за изрекување привремена мерка за заштита, во име на децата и на деловно неспособните лица, секогаш кога родителот, старателот или законскиот застапник тоа нема да го сторат, и без нивна согласност.

Центарот за социјална работа, во предлогот до судот за изрекување привремена мерка за заштита на дете, може да предложи привремената мерка за заштита да се однесува и за родителот со когошто детето живее, кога тоа го бараат интересите на детето заради негова заштита и безбедност.

Предлог за изрекување привремена мерка може да се поднесе без оглед дали се води кривична постапка. Привремената мерка за заштита може да **трае најмалку три месеци, а најмногу до една година**. Доколку насилството продолжи по истекот на периодот за кој е изречена привремената мерка за заштита, во рамките на рокот од една година од ставот 1 на овој член, жртвата или Центарот за социјална работа може да поднесе барање за продолжување на мерката(ите).

По истекот на една година од изречената привремена мерка за заштита, кога насилство врз жена или семејно насилство повторно ќе се случи, жртвата или Центарот за социјална работа доставува нов предлог до судот. Може да се поднесе предлог до надлежниот суд за укинување на изречената привремена мерка за заштита и пред истекот на рокот за кој е таа изречена, доколку се оцени дека мерката ја постигнала целта заради која е изречена.

Жртвата или Центарот за социјална работа може да поднесе предлог за измена на изречената привремена мерка доколку изречената мерка не обезбедила соодветна заштита на жртвата или настанале изменети околности (член 63).

Во **член 64** се уредува: **Изрекувањето на привремени мерки за заштита.**

Во постапките за изрекување на овие мерки, јавноста е исклучена од рочиштето. По исклучок, судијата може да дозволи на рочиштето да присуствуваат научни и јавни работници, кои се занимаваат со проблемите поврзани со бракот и семејството, како и лица кои ќе бидат предложени од странките.

Судот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по приемот на предлогот од Министерството за внатрешни работи и полицискиот извештај, без да одржи рочиште ќе одлучи за изрекување итна мерка за заштита и отстранување на сторителот од домот, и забрана за приближување до домот по членот 57 од овој закон.

Судот, по предлог на жртвата или Центарот за социјална работа, за изрекување привремена мерка за заштита според член 58 од овој закон, ќе постапи веднаш, а најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на барањето ќе донесе одлука.

Судот, во рок од 24 часа, без да одржи рочиште, ќе одлучи за изрекување итна мерка за заштита според член 57 од овој закон, кога постои основано сомневање за постоење сериозна опасност по животот и здравјето на жртвата или на некој член од семејството, врз основа на стручен наод и мислење на Центарот за социјална работа (член 66).

Судот, по предлог на Центарот за социјална работа, односно на жената жртва на родовобазирано насилство или на жртвата на семејното насилство, може да ја продолжи, да ја укине или да ја измени изречената привремена мерка или изречените мерки за заштита според член 58 од овој закон.

Во Одлуката со која е изречена итната мерка за заштита според член 57 од овој закон и привремената мерка за заштита според член 58 од овој закон, судот ќе го задолжи сторителот на родовобазирано насилство врз жена, или жртвата на семејно насилство, да ја почитува судската одлука (член 69).

Во член 70, став 1, од Законот, се уредува дека Одлуката за изречена итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот по член 57 од овој закон, судот, во рок од шест часа од донесувањето на Одлуката, ја доставува до надлежната полициска станица по местото на извршување, која веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа по приемот на Одлуката, ја доставува до сторителот на родовобазирано насилство над жена или друга жртва на семејно насилство.

Доколку доставата не може да се изврши во рокот од ставот 1 на овој член, судот, по добиеното известување од Министерството за внатрешни работи, Одлуката ја објавува на огласната табла на судот, со што се смета дека доставата е уредна.

Министерството за внатрешни работи е должно да го отстрани сторителот од домот во рок од два часа, сметано од моментот кога му е врачена Одлуката за изречената итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, по член 57 од овој закон, во случај кога не сака доброволно да го напушти домот.

Во **член 73** се уредува: **Извршувањето на итната и привремените мерки за заштита.**

Министерството за внатрешни работи ја извршува изречената итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот по член 57 од овој закон и привремените мерки за заштита по член 58, став 1, точка 1, 2, 3, 4 и 5, од овој закон, Министерството за здравство ја извршува изречената привремена мерка за заштита по член 58, став 1, точка 9, од овој закон, советувалиштето за сторители на семејно насилство ја извршува изречената привремена мерка за заштита по член 58, став 1, точка 8, од овој закон, а извршувањето на изречените привремени мерки за заштита по член 58, став 1, точка 6, 7, 10 и 11, од овој закон, се спроведуваат во согласност со законот.

Во член 77 се утврдува дека жртвата го известува Центарот за социјална работа за непочитување и/или за прекршување на изречената(ите) привремена(и) мерка(ки) за заштита по член 58 од овој закон, во постапка, по нејзин предлог.

Министерството за внатрешни работи е должно веднаш да го извести судот за непочитување или за прекршување на изречената итна мерка за заштита по член 57 од овој закон. Центарот за социјална работа е должен веднаш да го извести судот за непочитување или за прекршување на изречената привремена мерка за заштита по член 58 од овој закон (член 78).

Во согласност со член 79: „Министерството за внатрешни работи, кога е прекршена итна мерка за заштита од членот 57 од овој закон во делот на забраната за приближување до домот, ќе достави предлог до јавниот обвинител за определување на мерки на претпазливост, согласно со Законот за кривичната постапка“.

Во став 1 од член 80, се уредува дека Центарот за социјална работа е должен да поднесе кривична пријава против сторителот, за непочитување на судската одлука за изречена привремена мерка за заштита по член 58 од овој закон. Центарот за социјална работа е должен да поднесе кривична пријава против сторителот, за непочитување на судската одлука за изречена привремена мерка за заштита по член 58 од овој закон, секогаш кога насилството е сторено над дете или во присуство на дете (став 2). Јавниот обвинител е должен писмено да го извести Центарот за социјална работа за иницираната кривична постапка, по кривичната пријава по ставовите 1 и 2 од овој член.

Во согласност со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, привремените мерки за заштита, кои ги извршува Министерството за внатрешни работи, се следните:

1) забрана да се заканува дека ќе стори насилство;
2) забрана да малтретира, да вознемирува, да телефонира, да контактира или на друг начин, директно или индиректно, да комуницира со жртвата;
3) забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, до работното место или до определено место кое жртвата редовно го посетува;
4) отстранување од домот, без оглед на сопственоста;
5) забрана да поседува огнено или друго оружје, или тоа да му биде одземено.

Наведените привремени мерки за заштита ги извршува полицијата, по примање на Одлуката од надлежниот суд.

Доколку не се почитува изречената привремена мерка за заштита, веднаш се известува надлежниот Центар за социјални работи. Доколку се утврди кривична одговорност на сторителот, се преземаат мерки по овластувањата.

Кривичните дела за сторено насилство над жена, вклучително и за семејно насилство, се дела за кои се гони сторителот по службена должност или по предлог за гонење од оштетениот.

Во согласност со член 18: Начело на легалитет на кривичното гонење, според Законот за кривична постапка (ЗКП): „Јавниот обвинител е должен да преземе кривично гонење ако постојат докази дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, освен ако со овој закон поинаку не е определено“.

Во согласност со член 39 се уредуваат правата и обврските на Јавниот обвинител:

„(1) Основно право и должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност.

(2) Во предметите за кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, јавниот обвинител има право и должност да:

– ги насочува дејствијата на органите надлежни за откривање и пријавување на кривичните дела и на нивните сторители,

– предлага или да издава наредба за преземање посебни истражни мерки, под услови и на начин определени со овој закон,

– донесува наредба и да спроведува истражна постапка,

– пронаоѓа, предлага и да обезбедува докази, под услови и на начин определени со овој закон,

– предлага привремени мерки заради обезбедување на имот или предмети прибавени со кривично дело или заради извршување на мерката конфискација,

– да одлучува за одлагање на кривичното гонење под услови и на начин определени со овој закон,

– предлага издавање на казнен налог под услови определени со овој закон,

– преговара и да се спогодува со обвинетиот за признавање на вина, на начин и под услови определени со овој закон,

– поднесува и застапува обвиненија пред надлежниот суд,

– поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и вонредни правни лекови,

– одлучува по жалба на оштетениот во случаи утврдени со овој закон и

– презема и други дејствија утврдени со закон“.

Во согласност со член 288 од Законот за кривичната постапка, се уредуваат условите за **отфрлање на кривичната пријава:**

„(1) Јавниот обвинител со решение ќе ја отфрли кривичната пријава ако од самата пријава произлегува дека пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, ако настапила застареност или делото е опфатено со амнестија или помилување, ако постојат други околности што го исклучуваат гонењето или ако не постои основано сомневање дека пријавениот го сторил кривичното дело.

(2) Решението за отфрлање на кривичната пријава му се доставува на оштетениот со поука дека може во рок од осум дена да поднесе жалба до непосредно повисокиот јавен обвинител, а подносителот на пријавата се известува за причините за отфрлањето.

(3) Доколку жалбата е недозволена или ненавремена повисокиот јавен обвинител писмено ќе го извести оштетениот.

(4) Повисокиот јавен обвинител во рок од 30 дена по приемот е должен да одлучи по жалбата на оштетениот.

(5) Постапувајќи по жалбата, повисокиот јавен обвинител може со решение да го потврди решението за отфрлање на кривичната пријава или жалбата да ја уважи и да го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката“.

2. За кривичното дело: Телесна повреда при вршење на семејно насилство (член 130, став 2), гонењето се презема со предлог за гонење од оштетениот.

Во согласност со член 58 од ЗКП, за кривичните дела за кои се гони по предлог или по приватна тужба, предлогот или тужбата се поднесуваат во рок од три месеци од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот или на приватна тужба узнало за кривичното дело и за сторителот.

Предлог за гонење се поднесува до надлежниот јавен обвинител, а приватна тужба до надлежниот суд.

Ако оштетениот самиот поднесе кривична пријава или стави предлог за остварување на имотноправно барање во кривичната постапка, ќе се смета дека со тоа доставил предлог за гонење.

Во член 60 се уредува: **Поведување и продолжување на постапката по смртта на жртвата**, ако жртвата на кривичното дело умре во текот на рокот за поднесување на предлог или приватна тужба, или во текот на постапката, неговиот брачен, односно вонбрачен другар, децата, родителите, посвоениците, посвоителите, браќата и сестрите, може(ат) во рок од три месеци по неговата смрт да поднесат предлог или тужба, односно да даде или да дадат изјава дека ја продолжува(ат) постапката.

Во член 62 се уредува: **Откажување од предлогот, односно од приватната тужба.**

Оштетениот и приватниот тужител можат, со своја изјава до судот пред кој се води постапката, да се откажат од предлогот, односно од приватната тужба, до завршувањето на главната расправа. Во тој случај тие го губат правото повторно да поднесат предлог, односно приватна тужба.

Доколку оштетениот се откаже од предлогот, односно од приватната тужба, до започнување на главната расправа, судот донесува решение за запирање на постапката, а доколку се откаже од започнувањето до завршување на главната расправа, судот донесува пресуда за одбивање (член 402, став 3).

**Правата на жртвата** се уредени во членовите од 53 до 56 од Законот за кривична постапка:

„Во член 53 се утврдува дека:

Жртвата на кривично дело ги има следниве права:

1) да учествува во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета;

2) на посебна грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка и

3) на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви за кривични дела.

(2) Полицијата, јавниот обвинител и судот постапуваат со посебна грижа спрема жртвите на кривични дела, давајќи им поуки од ставот (1) на овој член и членовите 54 и 55 од овој закон и се грижат за нивните интереси при донесувањето на одлуки за кривично гонење против обвинетиот, односно при преземањето на дејствија во кривичната постапка во која жртвата мора лично да присуствува, за што се составува службена белешка или записник.

(3) Во согласност со посебните прописи, жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години има право на:

1) советник на товар на буџетските средства пред давањето на исказ, односно изјава или поднесување на имотноправно барање, ако има тешки психофизички оштетувања или потешки последици од кривичното дело и

2) надоместок на материјална и нематеријална штета од државен фонд подуслови и на начин пропишан со посебен закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот".

Во **член 54** се уредени: **Посебни права на ранливи категории на жртви:**

„(1) Жртвите имаат право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето во сите фази на постапката, ако:

1) во времето на давањето на исказот се на возраст под 18 години;

2) со давањето исказ или одговор на определено прашање би се изложиле себеси или блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет (загрозени жртви) и

3) заради возраста, природата и последиците на кривичното дело, физичкиот или психичкиот инвалидитет или друга од значење здравствена состојба, општественото и културното минато, семејните околности, религиозните уверувања и етничката припадност на жртвата, однесувањето на обвинетиот, членовите на семејството или пријателите на обвинетиот кон жртвата би имало штетни последици по нивното психичко или физичко здравје или негативно ќе влијае врз квалитетот на дадениот исказ (посебно чувствителни жртви).

(2) Посебните мерки на процесна заштита ги определува судот по предлог на јавниот обвинител или на жртвата или по сопствена оцена кога е потребно да се заштитат загрозените и посебно чувствителните жртви.

(3) При одлучувањето за определување на посебните мерки за процесна заштита од ставот (2) на овој член судот мора да ја земе предвид волјата на жртвата.

(4) Судот мора да определи посебна мерка на процесна заштита во случаите од ставот (1) точка 1 на овој член, и тоа:

1) кога детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или

2) кога детето е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член судот мора да определи поединечно или заедно со друга посебна мерка на заштита, видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето за да се користи како доказ во постапката.

Во исклучителни случаи, заради нови околности на случајот, судот може да нареди повторно испитување на детето жртва најмногу уште еднаш преку користење на технички средства за комуникација.

(6) Спроведувањето на посебните мерки на процесната заштита на децата жртви е уредено со посебен закон“.

Во **член 55** се содржани: **Посебните права на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право:**

„(1) Жртвата на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право, покрај правата од членот 53 на овој закон, ги има и следниве права:

1) пред испитувањето да разговара со бесплатен советник или со полномошник, доколку во постапката учествува како оштетен;

2) да биде испитувана од лице од ист пол во полицијата и во Јавното обвинителство;

3) да не одговори на прашања што се однесуваат на личниот живот на жртвата, а не се поврзани со кривичното дело;

4) да бара испитување со помош на визуелно-тонски средства на начин определен со овој закон и

5) да бара исклучување на јавноста на главната расправа.

(2) Судот, Јавното обвинителство и полицијата се должни да ја поучат жртвата за нејзините права од ставот (1) на овој член, најдоцна пред нејзиното прво испитување, за што составуваат службена белешка или записник.

(1) Жртвата која не е известена за своето право во постапката да учествува како оштетена, има право да се пријави пред полицијата или Јавното обвинителство како оштетена до поднесување на обвинението, а пред судот, до завршување на главната расправа.

(2) Пријавата на жртвата како оштетена ќе се отфрли ако е очигледно дека е неоправдана или е дадена со задоцнување (член 56)“.

**Законот за правда за децата уредува дека:**

„Под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години;

Децата жртви на дејства, кои со закон се предвидени како кривични дела, во согласност со основните начела на Законот, ги имаат истите права што ги имаат и полнолетните лица жртви

пред, за време и по завршувањето на кривичната постапка, како и посебните права признати со Конвенцијата за правата на детето и со другите ратификувани меѓународни договори“.

Децата жртви на дејства, кои со закон се предвидени како кривични дела, и децата сведоци, уживаат засилена заштита и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за децата, со цел да се намалат негативните последици врз нив од кривичното дело и да се спречи негативното влијание на постапувањето на институциите врз правилниот развој на детето, и да се поттикнат да побараат заштита пред надлежен суд.

Во членовите од 166 до 153 од Законот за правда за децата се содржани одредби за заштита на деца – жртви на кривични дела и сведоци, во кривичната постапка. Имено, со овие одредби се пропишува следното:

- Во постапката што се води за дејства што со закон се предвидени како кривични дела во кои детето се јавува како жртва, судовите, јавните обвинители и службените лица на Министерството за внатрешни работи можат да постапуваат само доколку поседуваат соодветно образование и имаат посебно познавање и искуство од областа на правата за детето и за кривично-правната заштита на децата;

- За сите дејства што со закон се предвидени како кривични дела според Кривичниот законик, во кои, според законските обележја на делото, детето се јавува како жртва на делото, судот и другите органи што учествуваат во постапката, се должни да преземаат мерки за помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат можните штетни последици за неговата личност и развој;

- Детето жртва се сослушува како сведок на начин кој не влијае штетно врз неговиот психофизички развој и со примена на посебни мерки на процесна заштита. При земањето исказ и распит на дете како сведок или жртва, полицијата, обвинителството и судот се должни да водат сметка за личните својства и карактеристики на детето, заради заштита на неговите интереси и заради неговиот правилен развој и

- Соочување меѓу детето и осомничениот, односно обвинетиот, не е дозволено ако детето е жртва и сведок на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, како и дејства што со закон се предвидени како кривични дела против човечноста и меѓународното право, како и за други дејства што со закон се предвидени како кривични дела кои, поради нивната природа, последиците или други околности, го прават детето посебно чувствително, односно тоа се наоѓа во посебно тешка душевна состојба.

Во согласност со член 145 од овој закон, детето жртва на кривично дело ги има следниве права:

- со него да се постапува со почитување на неговото достоинство,
- да биде заштитено од секаква дискриминација,
- да биде известено за своите права на јазик, разбирлив и соодветен на неговата возраст, како и за почитувањето на правото на приватност,
- да биде(ат) информиран(и) родителот(ите), односно старателот(ите), за сите прашања во врска со кривичното дело и во врска со осомничениот, обвинетиот и осудениот,
- детето, односно родителот(ите), односно старателот(ите) да учествуваат во кривичната постапка како оштетен(и), со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета,
- на посебна заштита на неговата безбедност и на безбедноста на неговото семејство, грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка,

- право на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација и
- право на психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на деца, жртви на кривични дела.

Во полициската и кривичната постапка, детето – жртва на кривично дело, има право:

- на правна помош од адвокат пред давањето исказ, односно на изјава или поднесување на имотноправно барање,
- на надоместок на материјална и нематеријална штета, во согласност со Програмата од член 151 од овој закон, под услови и на начин пропишан со членот 152 од овој закон, доколку надоместокот на штета не може да се обезбеди од осудениот и
- на полномошник, од земањето на првиот исказ, како и во текот на целата постапка.

Правна помош за дете жртва, по правило, обезбедува адвокат кој следел специјализирана обука за правата на децата. Обуката трае најмалку пет дена во текот на годината, во земјата или во странство.

Во член 146 се уредуваат посебните права на процесна заштита. Притоа, Законот уредува дека детето жртва има право на посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето, во сите фази на постапката.

Судот мора да определи посебна мерка на процесна заштита во водењето на случаите, и тоа:

- кога детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или
- кога детето е жртва на трговија со луѓе, на насилство или сексуална злоупотреба, како и на кривични дела против човечноста и меѓународното право или на други тешки дела сторени над деца за кои со закон е утврдена казна затвор над четири години. Во овие случаи судот определува поединечна или заедно со друга посебна мерка на заштита, да се регистрира исказот на детето со видеозапис и со тонски запис, кои ќе се користат како доказ во натамошната постапка. Во исклучителни случаи, ако се појават нови околности, судот може повторно да го испита детето жртва најмногу уште еднаш, со користење на техничките средства за комуникација.

  Како посебни мерки на процесната заштита при давањето исказ, судот може да определи:

  - користење екрани за заштита на жртвата и на сведокот од погледот на обвинетиот,
  - прикривање на идентитетот или на изгледот,
  - давање исказ преку видеоконференција,
  - отстранување на тогите и капите,
  - исклучување на јавноста,
  - видео- и аудиозапис на исказот што ќе се користи како доказ,
  - видео- и аудиозапис од распитот што ќе се користи како доказ,
  - земање исказ преку посредство на стручно лице,
  - употреба на посебни технички средства за комуникација и
  - заштита на приватноста на детето и на неговото семејство.

Жртвите на родовобазирано насилство имаат право на бесплатна правна помош под условите уредени со Законот за бесплатна правна помош кој се применува од 1 октомври 2019 година.

Цел на овој закон е да се овозможи и да се унапреди правото на физичките лица за пристап до правдата и до правичната судска заштита.

Со Законот за бесплатна правна помош, подобрени се условите за пристап до правдата, на тој начин што не само граѓаните што имаат статус на социјален случај туку и сите физички лица што имаат ниски приходи можат да добијат бесплатна правна помош.

Бесплатната правна помош може да биде дадена како примарна правна помош и како секундарна правна помош.

Примарна правна помош се обезбедува преку: подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерство за правда, преку овластени здруженија, регистрирани во Регистарот на овластени здруженија за давање бесплатна правна помош при Министерството за правда и правните клиники регистрирани во Министерство за правда за давање бесплатна правна помош.

Примарната правна помош што ја дава Министерството, опфаќа:

– иницијален правен совет за правото на користење бесплатна правна помош, општа правна информација, општ правен совет и помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош.

**Примарната правна помош** ја дава Правната клиника, во согласност со Програма за едукација, донесена од Правниот факултет, а со цел да се реализира практична настава за студентите на Правниот факултет. При давањето на примарната правна помош, Правната клиника соработува со адвокатите запишани во Регистарот на адвокати, како и со Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

**Секундарна правна помош** даваат адвокати во постапка пред судот, државниот орган, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и лицата кои вршат јавни овластувања во согласност со одредбите од овој закон.

Секундарна правна помош се одобрува за застапување во сите степени во граѓанските судски постапки, во управните постапки и управните спорови.

Средствата за одобрување на бесплатната правна помош и трошоците за дадената правна помош во постапките предвидени со овој закон се обезбедуваат од буџетот на Министерството, како и од донации и други приходи во согласност со закон.

Со буџетот на Министерство за правда за 2020 година, одобрените средства/буџетот за бесплатна правна помош за 2020 година изнесува 5.000.000,00 денари. Реализираниот годишен буџет за бесплатна правна помош во 2020 година изнесува 1.601.176,00 денари.

Со буџетот на Министерство за правда за 2021 година, за БПП се обезбедени средства во висина од 5.000.000,00 денари.

Министерството за правда води регистри за давателите на примарна правна помош и на правна помош во судските и управните постапки, кои се објавени на веб-страницата.

Во Регистарот на адвокати за давање правна помош, запишани се 395 адвокати.

Во Министерството за правда се води и Регистар на овластени здруженија за давање примарна правна помош и на овластени правни клиники за давање примарна правна помош:

• Број на овластени здруженија за давање примарна правна помош – 11;
• Број на овластени правни клиники за давање примарна правна помош – 6.

# VII. Миграција и азил

Во Законот за странци,[26] во членот 112, кој се однесува на семејното обединување на странец со одобрен престој во Република Северна Македонија со друго лице странец, во ставот 1, се предвидува дека на барање на брачниот другар, како и на детето кое станало полнолетно, а кои имале одобрен привремен престој во Република Северна Македонија врз основа на семејно обединување во непрекинато траење од најмалку четири години и на кои не им е одобрен привремен престој поради останатите причини за престој предвидени со овој закон, ќе им се издаде автономна дозвола за престој доколку ги исполнуваат општите услови за одобрување на престој.

По исклучок од ставот 1 на наведениот член, доколку покровителот починал или брачната заедница престанала да постои, како и поради особено тешки околности за лицата од ставот 1 на овој член, може да им се издаде автономна дозвола за престој ако привремениот престој врз основа на семејно обединување бил во непрекинато траење од најмалку три години.

[26] „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 97/18 и 108/19.

Истовремено, во членот 116 од истиот закон, кој ги пропишува условите за привремен престој на странец – член на потесното семејство на државјанин на Република Северна Македонија, во ставот 4, се утврдува дека на лицето кое е член на потесното семејство на државјанин на Република Северна Македонија, привремениот престој може самостојно да му се продолжува и кога државјанинот на Република Северна Македонија починал или престанала брачната заедница, а која во Република Северна Македонија траела најмалку три години, како и во случај кога тоа го наметнуваат особено тешките околности

Законот за странци дава можност за одобрување на привремен престој поради хуманитарни причини што е предвидено во членот 120, каде што се предвидува дека привремен престој поради хуманитарни причини се одобрува, по исклучок, на странец кој не ги исполнува условите за одобрување привремен престој утврдени со овој закон, во следниве случаи:

– ако постојат основи за сомневање дека лицето е жртва на кривичното дело – трговија со луѓе, утврдено во Кривичниот законик;

– на непридружуван малолетник;

– на лица без државјанство или

– од други оправдани причини од хуманитарен карактер.

Во врска со родовото насилство над жените како форма на прогон на барателите на азил, информираме дека со Законот за меѓународна и привремена заштита,[27] во член 6, став 2, кој се однесува на делата на прогон, се дефинира нивната форма на следниот начин:

Делата на прогонување можат, меѓу другото, да имаат форма на:

- дела на физичко или на ментално насилство вклучувајќи и дела на сексуално насилство;
- дела кои по својата природа се врзани за пол или за деца.

Законот за меѓународна и привремена заштита регулира кога и на кој странец ќе му се признае статус на бегалец. Оттука, лице со статус на бегалец е странец за кој, по испитување на неговото барање, му се признава статус на бегалец и за кое е утврдено дека ги исполнува условите определени со Женевската конвенција, односно лице кое поради оправдан страв дека ќе биде прогонето поради својата раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или поради своето политичко уверување, е надвор од државата чиј државјанин е и не може, или поради таков страв, не сака да биде под заштита на таа држава, или кое, доколку е без државјанство, е надвор од државата во која имало вообичаено место на престој, не може или, поради таков страв, не сака да се врати во неа. Елементите поврзани со родот, кои го вклучуваат родовиот идентитет, се земаат предвид при определувањето на членството или на карактеристиката на одредена социјална група.

Едно лице од женски пол, кому му е доделен статус на бегалец, е идентификувано како жртва на сексуално насилство, додека нема идентификувани жени – жртви на насилство, кои добиле супсидијарна заштита.

Законот за меѓународна и привремена заштита регулира една категорија на ранливи лица на следниот начин:

„(1) При примената на овој закон, ќе бидат земени предвид посебните потреби на ранливите лица, кои се баратели на право на азил, лица со статус на бегалец, лица под супсидијарна заштита или лица под привремена заштита.

(2) Ранливи лица, во смисла на ставот (1) од овој член, се процесно неспособни лица, малолетни лица, малолетни лица без придружба, тешко болни лица, лица со пречки во развојот, лица со телесна попреченост, стари лица, бремени жени, самохрани родители со малолетни деца, жртви на трговија со луѓе и лица кои биле изложени на мачење, силување или други тешки форми на психолошко, физичко или сексуално насилство.

(3) Посебните потреби на ранливите лица од ставот (1) на овој член ќе се утврдат по пат на индивидуална процена на нивната состојба од страна на надлежната јавна установа за социјална заштита.

[27] „Службен весник на Република Македонија“, бр. 64/18.

(4) При сместувањето и задоволувањето на стандардот за живеење на лицата ќе се земе предвид нивната состојба со обезбедување соодветна здравствена, психосоцијална и друга помош.

(5) Неопходно е при оцена на барањето за признавање на правото на азил да се имаат предвид облиците на прогонување, специфични за половата припадност.

(6) Начинот на згрижувањето и сместувањето на ранливите лица го пропишува министерот за труд и социјална политика“.

Во овој контекст, една од заложбите е следната: жената – барател на право на азил, во постапката при разговорот, во однос на поднесеното барање, да биде сослушана од жена советник.

Во 2016 година, Министерството за труд и социјална политика, во соработка со агенциите на ОН и невладините организации, го изработи документот: „Стандардни оперативни процедури за превенција и одговор на родовобазирано насилство во Прифатниот центар за баратели на азил *Визбегово*“. Дополнително, во 2019 година, Министерството за труд и социјална политика го донесе документот со кој се регулираат стандардите за прифаќање на барателите на азил, со наслов „Правилник за стандардите за прифат на барателите на право на азил“ каде што се земени превид родовочувствителните параметри во обезбедувањето основни услуги. Дополнително, истата година, Министерството за труд и социјална политика го усвои и „Правилникот за начинот на згрижување и сместување на малолетните лица без придружба и ранливите категории на лица со признаено право на азил во Република Северна Македонија“, каде што се прецизираат услугите за ранливите лица, идентификувани врз основа на Законот за меѓународна и привремена заштита.

Во Законот за меѓународна и привремена заштита, и тоа во членот 14, се уредува гаранцијата, жените чии барања за азил се одбиени, да не бидат вратени во земја каде што нивниот живот би бил загрозен на следниов начин:

„(1) Барател на право на азил, лице со статус на бегалец или лице под супсидијарна заштита не може да се протера или на каков било начин да се врати на границите на државата:

– во која неговиот живот или слобода би биле во опасност поради неговата раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или политичко уверување или

– каде би бил подложен на мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

(2) Забраната не се однесува на странец кој претставува опасност по безбедноста на Република Северна Македонија или кој, откако против него е донесена правосилна одлука за злосторство или поради особено тешко кривично дело, претставува опасност за граѓаните во Република Северна Македонија.

На странецот, кој поради причините таксативно наведени не може да ужива право на азил во Република Северна Македонија, ќе му се дозволи да остане на територијата на Република Северна Македонија сè додека во државата чиј државјанин е или доколку е без државјанство во која имал вообичаено место на престој, би бил подложен на прогонување, мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување“.

Во рамките на одговорот на мигрантската криза, која почна во 2015 година, беа отворени два транзитни центри, каде што социјалните работници обезбедуваат основни услуги од аспект на идентификување, давање услуга и упатување поддршка на жени и девојки мигрантки. Протоколот за упатување подразбира специјализирани услуги, обезбедени од центрите за социјална работа, како што е предвидено со Законот за социјална заштита, со оглед на тоа дека бегалците се изедначени со македонските државјани. Дополнително, МТСП соработува со ЕАСО, УНХЦР, ИОМ, за обезбедување дополнителни обуки или насоки во врска со заштитата на жените мигранти.

# ПРИЛОГ

## Табела 1: Почетна обука (образование или професионална обука)

| | СПРЕЧУВАЊЕ И ОТКРИВАЊЕ НАСИЛСТВО | СТАНДАРДИ НА ИНТЕРВЕНЦИЈА | ЕДНАКВОСТ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ | ПОТРЕБИ И ПРАВА НА ЖРТВИТЕ | ПРЕВЕНЦИЈА ОД СЕКУНДАРНА ВИКТИМИЗАЦИЈА | МУЛТИСЕКТОРСКА СОРАБОТКА | ПОТРЕБНИ ЗНАЕЊА ЗА КВАЛИФИКАЦИЈА ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА ПРОФЕСИЈАТА | ДОЛЖИНА НА КУРИКУЛУМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Полиција и други службеници за спроведување на законот** | | | | | | | | |
| **Обвинители** | | | | | | | | |
| **Судии** | | | | | | | | |
| **Социјални работници** | | | | | | | | |
| **Лекари по медицина** | **2019 – 4 обуки: 2020 – 5 обуки; 2021 – поради ковид-19, 2 на ЗУМ-платформа;** | | | | | | | |
| **Медицински сестри и акушерки** | | | | | | | | |
| **Психолози, особено советници/психотерапевти** | | | | | | | | |
| **Службеници за имиграција/азил** | | | | | | | | |
| **Образовен кадар и училишни администратори** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Новинари и други медиумски професионалци** | | | | | | | | |
| **Службеници** | | | | | | | | |
| Која било друга релевантна категорија/Министерство за одбрана | 1.817 | | | | | | | |

Забелешка: Во согласност со Програмата за теоретска настава, се изучуваат 3 модули, во кои се изучуваат повеќе предмети, во рамките на кои се опфатени наведените теми. Во Модул 1 се изучуваат Граѓанско право, Уставно право, Управно право, како и Информатички технологии и Правно истражување. Во Модул 2 се изучуваат Кривично право, Криминалистика, Судска медицина, Судска психијатрија и Лингвистика на правото. Во Модул 3 се изучуваат Меѓународно право, Право на ЕУ, Етика, Деловна култура и деонтологија и Судска психологија. Теоретската настава трае 9 месеци, и во согласност со Програмата, предвидени се вкупно 1.035 часа. Почетната обука ја следат слушатели на почетната обука кои, по нејзиното успешно завршување, се избираат за судии, односно за јавни обвинители.

# Табела 2: Обука за службите

| | БРОЈ НА ОБУЧЕНИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ | ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПРИРОДА | ПРОСЕЧНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КУРИКУЛУМ | ПЕРИОДИЧНОСТ | ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ | ТЕЛО ЗАДОЛЖЕНО ДА СПРОВЕДУВА/СЕРТИФИЦИРА ОБУКА ЗА СЛУЖБИТЕ | НАПОРИТЕ ЗА ОБУКИ ПОДДРЖАНИ СО НАСОКИ И ПРОТОКОЛИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Полиција и други службеници за спроведување на законот** | **1.394** | | | | | | |
| **Обвинители** | **56** | **не** | **6 часа (еднодневна обука)** | **Без стриктни определби за одреден број обуки** | **Самостојно или преку проекти** | **Академија за судии и јавни обвинители** | **56** |
| **Судии** | **134** | **не** | **6 часа (еднодневна обука)** | **Без стриктни определби за одреден број обуки** | **Самостојно или преку проекти** | **Академија за судии и јавни обвинители** | **134** |
| **Социјални работници** | **15** | **задолжител.** | **3 дена по 8 часа по модул** | **3 обуки по 3 дена** | **Донација, Проект: „Поддршка за имплементација на Националниот акциски план за Истанбулската конвенција“** | **Министерство за труд и социјална политика, Центар за социјална работа** | **Спроведување обуки за обучувачи за Програмата за родовозасновано насилство и семејно насилство: 1. Општо, за подигање на свеста кај професионалците; 2. Модул за жени и деца;** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **3. Модул за сторители;** |
| **Лекари по медицина** | | | | | | | |
| **Медицински сестри и акушерки** | | | | | | | |
| **Психолози, особено советници/психотерапевти** | | | | | | | |
| **Службеници за имиграција/азил** | | | | | | | |
| **Образовен кадар и училишни администратори** | | | | | | | |
| **Новинари и други медиумски професионалци** | | | | | | | |
| **Службеници** | 49 | не | 6 часа (еднодневна обука) | Без стриктни определби за одреден број обуки | Самостојно или преку проекти | Академија за судии и јавни обвинители | 49 |
| **Која било друга релевантна категорија – Министерство за одбрана** | 1.511 | | 306 | | 40 | | Еднодневни и повеќедневни обуки, онлајн-обуки и предавање во времетраење од 2-3 часа |